**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Четвртото продолжение на Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 јуни 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,07 минути.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Бесим Догани, потпретседателот на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Арбен Џафери, Мандух Тачи, Даут Реџепи, Елмазе Селмани, Лилјана Поповска, Љубчо Георгиевски, Стојан Андов, Фијат Цановски, Јован Манасиевски, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Јагнула Куновска, Теута Арифи, Абдуладил Вејсели, Илинка Митрева, Хади Незири, Радмила Шекеринска и Тито Птковски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со пртрес по Предлогот за донесување на закон за земјоделско земјиште.

Три минути за реплика на госпоѓата Јаготка Иванова, господин Киро Ацов, повелете.

**Киро Ацов:** Благодарам потпретседателе,

Еве мојата реплика која беше од синоќа, денеска ќе ја искористам можноста после овие бурни расправи околу Фудбалскиот сојуз, можеби и ќе нема толку голем ефект, но сепак да си го искористам моето право да реплицирам на колешката Јаготка Ивановска.

Колешке Ивановска и вие, како и секој од вашето парламентарно мнозинство секогаш за нешто што се случува во оваа држава ја обвинувате претходната Влада. Вие вчера рековте дека околу закупот или концесијата претходната Влада направила хаос. Вашите први зборови беа тоа. Јас сега ќе ве прашам, ако претходната Влада има направено хаос, а вашата Влада на чело со премиерот Груевски ветуваше дека ќе внесе ред во поделбата на земјоделското земјиште, во Свети Никол-ско, не е на којзнае колку голема пвbooршина доделувано земјиште сепак занм и сигурен сум дека има проблеми. Тоа го знам од телевизија, од весници, а и секој ден поминувам покрај Свети Николе и барем на 5-6 пати имало протест на земјоделците поради неправилно доделување на земјиште. Вие иако сте од Свети Николене знам дали тоа го знаете, бидејки, колку што имам сознанија патувате преку Куманово, а јас патувам од Свети Николе по оној пат и ги имам видено луѓетокако со трактори, со коли штрајкуваат околу неправилното доделување на земјиштето.

Значи само во Свети Никол-ско со доделување на една мала парцела, не зборувамна ниво на Македонија има проблем со доделувањето на земјоделското земјиште.

Другото што сакам да го кажам се однесува и за вас и за парламентарното мнозинство кое што зборува по оовј закон.

Јас очекувам да дадете некоја забелешка, доградување на овој закон, а не да го кажувате тоа што го предложила Владата. Тоа што го кажала Владата, Министерството за земјоделство го имаме како закон и го читаме. Јас очекувам од вас да дадете позитивни забелешки, инаку законот нема што да ми го кажувате, ние го иамме законот пред нас и го читаме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Киров.

Повелте госпоѓо Јаготка Иванова, една минута за контра реплика.

**Јаготка Иванова:** Да колега Киров јас сум сведок и очевидец на хаосот што го направи вашата Влада. Јас добро го контролирам Овчеполието, потекнувам од Лозово, значи од Каратманово Велешко до Кумановско знам што се случува со Овчеполието. Тоа е едно.

Вашата Влада направи хаос. Сегашната Влада, Владата за сите ги раскина нетранспарентнтие и незаконитите договори. Додели 450 договори за плодоуживање, 450 семејства сега се заштитени, имаат егзистенција и очекувам и понатаму работа од нашата Влада. Значи сето тоа што беше незаконито, нетранспарентно јас ќе се трудам да биде раскинато, да се изврши ревизија и да дојде земјата кај земјоделците, а не земјата во Овчеполието да ја контролира секретарот на огранокот на СДСМ од Куманово и да контролира и користи 2170 хектари плодно земјоделство земјиште прва, втора и трета класа.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Овој закон заслужува големо внимание затоа што 80% од територијата на Република Македонија е земјоделско земјиште и точно овој закон претставува устав за земјоделското земјиште и овој закон претставува устав за земјоделците на Република Македонија и треба сите да му посветиме внимание, а да не се препукуваме политички кој како зел, колку зел, Владата е тука, институциите на системот се тука нека работат и ние се она што е спротивно на закон стекнато подржуваме постапките да бидат доведени до крај, меѓутоа и една година откако е дојдена оваа Влада не гледам дека се средени ситуациите околу користењето под закуп на земјоделското земјиште и не гледам дека толку транспарентно и согласно прописите се дели земјиштето. Но за тоа потоа, тоа е за некоја друга прилика, а сега сакам да се осврнам околу новиот закон за земјоделското земјиште.

Прво и основно сакам да кажам дека СДСМ ќе ја подржи првата фаза односно ќе ја подржи потребата од донесувањето на овој закон затоа што свесни сме дека измени на веќе псотоечкиот

Закон му требаат. Значи, треба да се донесе нов закон за земјоделското земјиште, меѓутоа јас

лично и СДСМ имаме сериозни концептуални забелешки на овој закон и овие забелешки господине министер сватете ги се во една насока, со цел подобрување на овој закон од кој што очекуваат можеби 50% до земјоделците од вкупниот број на земјоделци или сите земјоделци кои немаат доволно свои површини за обработка и за егзистенција.

Јас би сакал да истакнам неколку концептуални или содржински и суштински забелешки на овој закон.

Прво, стариот Закон ја сго знам и сум работела по него, и новиот закон го прочитав, споредував но не видов некои големи проемни од стариот во новиот закон. Ќе ви кажам зошто. Да, ше кажете има промени со кои ја уредивме поконкретно постапката за доделување на земјоделското земјиште под закуп, но и до сега постапката за доделување на земјоделското земјиште под закуп, долгорочен и краткорочен беше регулирана но соподзаконски акти. Значи, сега преземаме еден чекор повеќе и оваа материја ја покачуваме на повисоко ниво, што значи добива статус на материја која што се регулира со закон и тоа е добро.

Што сакам начелно д аукажам и штоне содржи овој закон?

Овој закон не содржи една битна работа. Не содржи систем на евиденција која што ќе ја води Министерството односно надлежна, посебна, независна служба, евиденција на земјоделското земјиште. Вие ќе ми одговорите дека во член 8 од новиот закон ние сме предвиделе евиденција на земјоделското земјиште да го води Министерството за земјоделство и толку.

Господине министре и до сега ваква евиденција водеше Министерството за земјоделство, но немаше резултати.

Предлагам во Предлогот на законот,втората фаза на законот да се реши ова сериозно прашање, да се воспсотави институционален систем внатре, надвор од катастарот. Катастарот води евиденција и упишува право на сопственост на сите видови на недвижности, вклучително и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопаснтво. Во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопаснтво и Владата е тоа Министерство кое што е ресорно, задолжено да води сметка и за да ги креира политиките понатаму со земјоделието. Тоа мора да си има сопствена евиденција или Владата мора заради спроведување на своите политики во аграрот да има сопствена евиденција, а со една одредба во законот да се уреди оваа материја верувајте дека јас се сомневам тоа да биде, затоа што и до сега во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопаснтво се водеше ваква евиденција, но без некои посебни резултати.

Затоа предлагам во втората фаза од законот да се предвиди институција која што ќе има свои надлежности и ќе работи точно на оваа проблематика, затоа што верувајте без евиденција на земјоделското земјиште ние нема да постигнеме една од најпосакуваните цели заради која што и го донесуваме овој закон, а тоа е поголемо инвестирање или привлекување на странски инвестиции и во оваа област.

Втората суштинска забелешка, суштинско мое реагирање на овој закон е нерешавањето на системот на надзор. Тоа е последната Глава.

Повторно остануваат истите органи да вршат надзор и контрола врз спроведувањето на овој закон,повторно ги имаат истите овластувања. За волја на вистината има зголемени казни во казнениот дел, но верувајте дека ако и дос ега сме имале исти такви органи на надзор, ако и до сега ги имале истите овластувања, не покажале резултати и тука треба нешто да е преземе, затоа што без надзор и контрола на спроведувањето на овој закон,па и на билокој закон ние нема да постигнеме ефекти во областа заради која што го доенсуваме законот.

Ова се моите концептуални забелешки и повторно повторувам разработете ги овие работи. Да не се занимаваме со популизам колку била решена постапката со доделување на земјоделското земјиште под закуп, па сега веќе ќе немало незадоволни земјоделци,овој закон ќе направел услови за транспарентно доделување на земјоделското земјиште. Не, и до сега и од сега ќе имаме вакви работи. И до сега оваа материја била регулирана, но со подзаконски акт, но треба да ги стегнеме механизмите на контрола. Ако немаме евиденција, ако немаме механизми на контрола ние каква сакаме процедура да пропишуваме ќе немаме ефикасност во спроведувањето на законот.

Освен она што на почетокот начелно кажав дека немаме посериозни промени, ако се изземе само постапката за доделување на земјиштето и тоа што од овој закон е тргнат делот за давање на закуп на земјоделското земјиште под концесија, која што е веќе предмет на регулирање на друг закон немаме некои посериозни промени. Затоа реагирам во овие насоки, затоа што ниекако СДСМ сме за донесување на овој закон и сме во суштина да го смениме досегашниот систем на уредување на оваа област.

Сега би сакала да дадам конкретни забелешки поовој закон и секако во интерес на времето оние кои веќе се искажале, а и јас сум ги имала нема да ги повторувам. Ќе ги кажам само оние работи, или за оние кои што се искажани,  а за мене се сериозно важни ќе кажам аргументи зошто сум за тие решенија.

Прво, членот 15 кој се однесува на размена на земјоделското земјиште, како институт размената мора да постои заради окрупнување на земјиштето во државна сопственост.

Но, верувајте до сега, членот е целосно пресликан од стариот Закон, нема никаква промена поодно на иснтитутот размена. Ако размената на земјоделското земјиште до сега имаше случај или предизвика или овозможи неосновани замени, замени кои што не требало да се случат на штета на државниот имот, а и до

сега го имаме тоа решение е доволен основен показател дека треба нешто да се реагира. За мене препорака е да постои размената на земјоделското земјиште во државна сосптвеност и приватна, затоа што цел живот сум се борела околу овие размени на земјоделското земјиште, затоа што сум работела и знам што крие оваа размена. Пропишете строги услови кога треба да се врши размена на земјоделското земјиште со приватно, затоа што вака како што е срочено единствен услов е да се граничи земјоделското земјиште со приватна сопственост со државното и да се размени. Верувајте секогаш ќе иманекојприватен што граничи со државно земјиште. Дајте услови зошто и е потребно на државата да го окрупнува земјоделското земјиште и кога и под кои услови ќе се врши размена на тоа земјиште. Секако, задолжително да има размена на земјоделско земјиште, до колку приватното земјиште се наоѓа внатре во блокот. Тогаш веќе економската оправданост е видлива. Поработете на вооj институт, затоа што вака ако го оставите повторно ќе биде извор на нерегуларности, на нерегуларни размени на земјоделско земјиште.

Ова господине министер ви го укажувам одпрактичните примери кои што јас сум ги имала во мојот претходен професионален, работен стаж.

Во однос на Комисијата која што како новина е, ама и до сега постоеше Комисија за спроведување, секако Владата или Министерството не се занимавале целосносо доделување или одлучување во постапка по огласот за давање на земјоделско земјиште под закуп краткорочен или долгорочен, секако имало некое тело кое што ги гледало документите или давало мислење. Добро е сега што созакон е формирана Комсиија, но верувајте ако нема еден член од локалната самоуправа кој ќе си го бира Советот, или не знам кој и добро е што имате еден член од здруженијата од областа на земјоделството, ама од кои здуженија, ние имаме илјадници здуженија, од стопанските комори, треба попрецизно затоа штолуѓето се заинтересирани живо за оваа материја и нема да трпат. Секоја непрецизност ќе биде претворена како оружје за пресметка меѓу нив. Давајте ги прецизно, утврдете кој од здруженијата. Имаме илајдници здруженија на земјоделци на територијата на Република Македонија. И дополнете ја оваа одредба со еден претставник од локалната сампуправа.

Знам дека во Законот за локална самоуправа нема надлежности локалната самоуправ во поглед на земјоделието, но знам дека локалната самоуправа е задолжена за локален економски развој.

Ако е задолжена за локален економски развој и акoво една општина, рурална 80 или 90% од населението кое живее таму се занимава со земјоделство нема поголем аргумент зошто во оваа Комсиија треба да има еден член од локалната самоуправа и плус ако се има во предвид дека само тој ги знае, или човек од таму каде што живее најдобро ги знае потребите и состојбите со земјоделците и околу закупот на земјоделското земјиште.

Пристигнувам сега до делот кој што се однесува на постапката за доделување на земјиште под закуп. И, добро е што е веќе подигната на ранг на законска материја, тоа е добро и го подржувам, меѓутоа со што не се соглсувам.

Имаме две категории на физички лица, кои што имаат право да користат земјоделско земјиште.

Првата категорија е физичките лица кои што сакаат да учествуваат на огласот за доделување на земјоделско земјиште.

Втората категорија е оние луѓе кои што се социјални случаи, тоа е плодоуживањето. Тие две категории не ги мешаме. Проверувајте за да статус земјоделец на социјално необезбедено лице, пропишани се во законите од областа на социјалата кои се услови треба да ги има земјоделецот за да се стекне со статус социјално необезбедено лице. А, имаме земјоделци кои што имаат потреба заради егзистенција од користење на земјоделско земјиште во државна сопственост, а заради неисполнување на еден единствен услов, не можат да потпаднат под категоријата социјално необезбедени лица. Согласно условите кои што важат за доделување на земјоделско земјиште на физичко лице, тоа лице иако нема доволно земја, иако е сиромашно не го исполнува овој услов социјално необезбедено лице заради нештата, тоа лице треба прво како услов да конкурира да ги плати сите јавни давачки, а знаете земјоделците во каква ситуација се, да спроведеме една анкета и ќе видиме колку земјоделци ги исплатиле сите јавните давачки. И да има посебна програма да користи. Ајде да се согласиме да се исплати јавните давачкик, но јас ја познавам душата на нашиот земјоделец. Тој сака да си ги плати давачките, ама нема пари, нема средства од каде да ги извади средствата за да може да егзистира и да си ги исплати давачките. Дајте да го тргнеме овој услов, да му дадеме земјиште да работи, да привредува и да обезбедува средства за живот и да си ги исплати од приходот што ќе го оствари од работата на земјоделското земјиште да си ги подмирува давачките спрема заедницата. Никако не се согласувам програма за користење на земјиште кое што содржи и таму е наведено кој елементи треба да ги содржи таа програма. Дадете вакво услов, но за оние кои што сакаат да земаат како физички лица блокови. Не давајте ваков услов за оние кои што сакаат да земат, пет, шест или седум декари земја за лична егзистенција и за семејна егзистенција. Дајте разграничете ги овие две работи. Значи, да имаме посебни услови за физичките лица кои што сакаат да обезбедуваат средства за егзистенција и за физичките лица кои што сакаат да вадат и профит или да им е бизнис земјоделието како физички лица. Значи не може да ги ставиме под ист ранг.

Би сакала да реагирам на членот 32 кој што се однесува на средствата за закупнина или закупнината која што ќе ја плаќаат правните и

физички лица за користење на државното земјиште да биде целосно во Буџетот на Република Македонија. Дајте да ги развиваме и општините. По овој закон ќе следува закон за земјоделие и рурален развој. Таму ќе имаат и општините одредени надлежности. Дајте да не после донесувањето на законот за локалната самоуправа и за финансирање на локалната самоуправа, со секој нов закон воспоставуваме уште дополнителна надлежност или обврска на општините, а никако не сакаме финансирањето на општините да го мрднеме. Значи, обврски им натовараме, само надлежности им товараме, а никако не променуваме нешто во изворите на финансирање или во приходите. Дајте, еве, ова нека биде и симболичен момент каде што еден мал дел и мал процент од закупнината да се оддели и за единицата на локалната самоуправа, затоа што на крајот на краиштата таа во нејзиниот атар се наоѓа земјоделското земјиште кое се користи и пак има некои пренадлежности околу тоа земјиште. Нема да зборувам за оние што се номотехнички работи и забелешки, затоа што сега повеќе зборувам концептуално на комисии тоа ќе го средиме.

Околу непосредната спогодба, кажаа колегите и јас не сакам да одземам време.

Поврзано со процентот на закупнина што сакам да биде ангажиран за локалната самоуправа, а свесна дека навистина Република Македонија, иако има барање во моментот не е спремна да го предаде земјиштето. Ние се уште не сме подготвени, иако имаме барање од сите градоначалници, јас мислам дека се уште не сме спремни да се предаде земјоделското земјиште во сопственост на општините, затоа што уште нити Катастерот ни е воспоставен како што треба, ниту имаме доволно податоци за земјиштето, но можеме процент да дадеме од закупнината. На членот 53 за пренамена на земјиштето да не се ослободува само државата за изградба на тие објекти кои што се од јавен интерс, туку за пренамена да биде ослободена и општината, за објекти, за кои што е ослободена државата, а тоа се објектите од јавен интерес или објекти за финална обработка на земјоделските производи, а да биде аналогно како е ослободена државата да биде и единицата на локалната самоуправа или општината.

Господне министре, јас овде не видов, бидејќи сум работела на оваа материја, за снимање на земјиштето, она авионското снимање ние го имаме, но знаеме какви проблеми имаме, а и вие знаете или луѓето кои работат на таа материја, знаеме какви проблеми има. Зошто немаме во закон, во овој закон мора да го уредиме или упатна одредба како ќе го решиме тоа. Со ортофото снимките на земјоделското земјиште. Мора да имаме попис, прво да имаме увид, што имаме како земјоделско земјиште, па да го нудиме за да не ни се случува, како што ни се случи, објавивме оглас, па видовме ова сега не е на државата било со денационализација земено, ова било узурпирано. За узурпацијата ќе ви предложам посебна мерка, затоа што овој закон нема да ни овозможи да ја применуваме узурпацијата која што ја имаме на државно земјиште на терен. Законот не ја решава узурпацијата, тоа и сами го знаете. Некаде 80% можеби од земјиштето во државна сопственост фактички на терен е узумпирано. Било каков оглас да ги напишеме за распределба на земјоделското земјиште под закуп или за плодоуживање, првата правна пречка која што ќе ни се појави е дека на лице место државното земјиште го владее некој и тогаш вие ќе ја спроведете постапката, како што викате транспарентно, но нема да можете да го предадете во владение на лицето кое што го зел или добил по огласот земјиштето. Тука отпочнуваат судските постапки тие се долги и се користат сите правни лекови, се користата сите правни институции и може да помине 2, 3 или 4 години и ништо повторно, иако викаме сега со овој закон нема да има незадоволство, но сега и со овој закон пак остануваат незадоволни земјоделците. И, сега што треба да направиме?

Мој предлог е пропишете казна овде, висока казна за узурпаторите, за противправно заземање на земјоделското земјиште, пропишете казни. Дајте овластување на органите кои што го водат надзорот да констатираат со решение против правно завземање земјиште и дајте рок во кој што ќе им дадете можност на сите оние граѓани, земјоделци кои што држат противправно земјиште во приватна сопственост, дајте им рок доброволни да го отстапат земјиштето и запретете им висока казна. Инаку, повторно нема да даде резултат овој закон, затоа што иако викаме транспарентна постапка, ние ќе ја спроведеме постапката, но нема заради судските постапки кои што ќе ги водат луѓето кои што против правно користат земјиште, може да се случи по две, три , пет години има случај и повеќе да не може да биде одземено владението од тој што го користи противправно, а владението може да го одземе само надлежен орган, а за земјоделското земјиште тоа е само судот. Затоа, можете овде и размислете, консултирајте се со Министерството за правда, направете една преодна одредба во која што ќе ги повикате сите оние кои што користат против правно земјоделско земјиште во одреден рок да го отстапат земјиштето и доколку во тој рок не биде доброволно отстапено земјиштето, запретете им со висока казна. Тоа е лекот, затоа што ние може да си донесеме прекрасен закон, но џабе е ако на лице место, ако на терен нема да го реализираме, нема да го имплементираме доброто што треба да постапуваме по овој закон ни го држи некој друг безправно.

На крајот, би сакала да кажам уште нешто.

Добро е што ги решавате ситуациите каде што некој добил земјоделско земјиште под закуп, подигнал насади овие што ги викаме долгорочни, му истекол рокот, сега има сопствени насади, а нема основ за користење на земјоделското земјиште. Добро е ова што сте го ставиле како во

преодната одреба и добро е што сега може со спогодба ова да се регулира. Но, не знам кој ќе ви биде механизмот од денот на објавувањето на оваа одредба, сите оние кои имаат противправно завземено знаеме колкави хектари земјиште, да не насадат свои долгогодишни посеви и да ја користат оваа одредба. Заштитете се затоа што не смееме да дозволиме од неправо, овде од неправо произлегува право, во правото од неправо не може да произлезе право. Никогаш барем досега. Заштитете се за да не имаме после последици и сите оние кои безправно држат големи површини, знаеме и јас и вие држат, ноторен факт е знаат луѓето, користејќи ја оваа одредба можат да си посадат садници и потоа да си ја користат оваа одредба. Повторно целта не сме ја постигнале она што вика мојата колешка Иванова дека е сега веќе готова, ќе ја завршиме работата. Работата тек ни престои нема да ја завршиме ако не вградиме во овој закон овие механизми, кои јас сега ги предложив и секако очекувам, како и колегите од мнозинството, не само да го фалат законот. Лесно е што е убаво се гледа и само ќе си се покаже, не треба многу фалби. Но, дајте, ова е прва фаза, ова не е политички закон, ова е прва фаза и дајте да размислиме што треба уште нешто да додадеме, за да ја постигнеме целта, заради која што сакаме да го донесеме овој закон. Е, овие беа моите забелешки и јас сум убедена дека, доколку ги прифатите и размислите, секако дека не ви ги дадов во совршен облик да ги вградите, но да подразмислите и ако ги прифатите јас мислам дека Република Македонија ќе има добар закон, а вака како што е не ми дава за право да констатирам дека ќе ја исполниме целта со овие одредби. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Министерот за земјоделие побара збор.

Повелете господине министре.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе.

И благодарам на пратеничката што дава свој придонес во подобрувањето односно за предлозите за подобрување на овој закон. Прво, да ви кажам дека овој закон е изменет во 2004 година и не би се сложил со констатацијата дека нема никакви промени во овој закон. Во суштина овој закон има и тоа како суштински промени, затоа што се она што го затекнавме, недоречености во стариот закон и во измената на стариот закон, каде што прво се даваше премногу ингеренции, за да може со непосредна спогодба да се дава земјиште без никаква контрола, без посебни постапки, едноставно се даваше право и тоа право и тоа како се злоупотребуваше за што имаме и тоа како големи примери.

Што се однесува до другата, според мене и најбитна работа е точно дефинирање на поделбата на земјоделското земјиште. И тоа дефинирање околу транспарентноста, прво, каде што точно дефинираме, не да се објави на некоја страничка на некое ќоше на некој весник и дури без конкурс, имаме многу примери кои ги затекнав во Министерството, туку тука точно се дефинира, кога, каде и како се објавува.

Второ, она што е, според мене, најголема новина, беше да се определат која документација треба да се достави за да може да се конкурира. Она што е многу битна измена е што за прв пат треба да се достави бизнис план, каде што точно самото правно или физичко лице да си конкурира. Точно да се опише колку луѓе ќе вработи, за што ќе го употребува земјиштето, како ќе стопанисува со него и на крајот на годината задолжително да се достави извештај дали го употребува тоа земјиште за таа намена за која што конкурирал. Или, како досега ќе имаме примери на злоупотреба, рентање или на некористење на тоа земјиште. Тука е точно прецизирано дека ако не го употребува тоа земјиште за таа намена, тогаш по автоматизам му се раскинува договорот. Исто така предвидено е дека минимум еднаш во 5 години мора инспекторатот да појде на терен и да ја сними целокупната ситуација околу педолошката состојба на земјата, околу загадувањето на самото земјиште и околу стопанисувањето со тоа земјиште. Врз основа на тој извештај ќе се види дали тој ќе може и понатаму да ја корити таа земја.

Второ, за прв пат тука е решено размената да биде само со површини кои граничат со државни, се со цел да може да се окрупнат тие површини. При тоа, треба да се води сметка со правилниците е предвидено, околу бонитетот и одредување на таа цена, по која ќе се раздели тоа земјиште. Но, под услов само да граничи со парцела со државно земјиште.

Она што исто така е голем проблем и не ми е навистина јасно зошто толку години не бил воочен тој проблем. Од некаков правен основ има повеќе можности за правен основ да се стекне со право на користење или сопственост врз долгогодишен насад.

Сопственоста на долгогодишен насад ја има правното или физичкото лице, а земјиштето што е под насадот едноставно не може да го добие и долги години тој не плаќа ништо. Едноставно биле ослободени од секакво плаќање на закуп за тоа земјиште на кое се наоѓа неговиот долгогодишен насад.

Она што е тука предвидено со овој закон е сите овие случаи до сега што не биле решени, што не плаќале да им се даде право да склучат договор за користење на тоа земјиште, при тоа да се плаќа најголемата закупнина во тој регион до моментот на влегување во сила на овој закон. При тоа треба да се подготви информација, да се достави до Влада и Владата да даде согласност за тоа.

Исто така за прв пат се дефинира почетната цена затоа што го затекнавме беше дека буквално немаше предвидена почетна цена прво ја немаше, второ, се давало по 3-4 години, а ништо не се плаќа и не може едноставно да биде регулирано и се давале ингеренции на секој како си замислил во моментот тоа да го прави.

Исто така за прв пат се води грижа и за заштитата на земјоделското земјиште.

Околу втората забелешка каде спомнавте дека нема предвидено евиденција, да, ни со стариот Закон немало никаква централизирана евиденција на водење контрола на стопанисување или кој го користи земјоделското земјиште.

Она што се предвидува во овој закон е што го направивме за овие неколку месеци е централизирано АИТ центар каде сите податоци се ставаат на едно место, тоа е тоа водење на евиденција, а другото што го спомнавте на ортофото-тоа е тоа што во самото Министерство до сега требало да има точна евиденција или ЛП систем за следење на вкупните земјоделски површини. Тоа требало веќе да е решено, а и со пописот тоа треба да се додефинира.

Во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е формирано посебно одделение ЛП каде веќе почнуваме од есен со проектот од Светската банка да направиме ортофото снимање и комплетна евиденција на секоја парцела да ја имаме во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Во најголем процент тоа е веќе завршено кај лозовите насади каде точно имаме дефинирани парцели, исцртани парцели и кога ќе го имаме овој ЛП систем тоа ќе биде основата за користење на европските фондовди. Значи, тоа не се дефинира со овој закон, туку со друг закон.

Третиот дел што го спомнавте органот за надзор, Инспекторатот за земјоделие е надлежна институција која ќе води контрола на спроведување на законот за земјоделско земјиште. Зошто до сега не водела, тоа е друго прашање. Она што е предвидено со овој закон е таа ингеренција останува во надлежност на Инспекторатот, а желбата на самиот министер е што поголема контрола затоа што такви желби на претходниците можеби не биле доволни, но законски е точно регулирано.

Узурпацијата која исто ја спомнавте, таа се решава со други закони како што е Законот за сопственост, Кривичниот законик, треба желба за спроведување на законите во Република Македонија. Заради тоа нашите резултати можеме да ви ги доставиме околу раскинувањето на сите тие договори и околу поднесувањето на тие пријави за усурпаторите на земјоделското земјиште.

Посебна благодарност за предлозите за секој член поединечно, ова е права фаза, дел од вашите предлози ќе се разгледуваат, само би коментирал околу неколку предлози. На пример предлогот членот 20 и на Комисијата се дискутираше дека тоа е регулирано со подзаконски акти и во најголем број случаи она што го затекнавме дека прво немало ни Комисија, ниту се знаело точно колку брои таа Комисија, а околу транспарентноста на членовите на таа Комисија да не правиме муабет. Затоа, за прв пат предложивме, да има претставник и од здруженијата од таа област што ги тангира таа работа. Тоа е претставник на Здужението како еден од тие 5 члена.

Идеата за вклучување на локалната самоуправа не ја спроведуваме во законот, односно не е предвидено во Комисијата да има претставник од локалната самоуправа затоа што транспарентноста на поделбата на земјиштето го решаваме со фактот што отворањето и поднесвуањето на понудите се на ниво на локална самоуправа, на подрачни единици каде отворањето на сите понуди ќе биде токму во локалната самоуправа. Не може да има претставник затоа што на еден оглас не се објавува на една локална самоуправа, туку таа Комисија е за повеќе катастарски општини и таа Комисија треба да брои многу повеќе членови.

Повторно ќе потенцирам, ова е прва фаза, вашите предлози ќе бидат разгледувани.

Само би кажал уште околу делот на непсоредна спогодба, до сега министерот имаше право да дава со непсоредна спогодба, што доста често се користело, имаме бројни нерегуларности за тоа користење. Зато тој дел со непосредна спогодба е посебно допрецизиран како и кога ќе може да се дава со непосредна спогодба.

Уште една благодарност за сите сугестии за подобрување на овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете со вашата реплика госпоѓо Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе,

Прво, околу размената целосно е пресликан членот. Ќе ви го прочитам, но да не го губам времето-земјиште кое граничи со земјиштето кое е во државна сопственост.

Повторно повторувам целта не ми е политички да се конфронтираме. Вие го браните законот, а не политички да ми кажувате што правела претходната Влада, што сега вие правите. Што правела претходната Влада изгубивме избори, што правите вие ќе видиме. Народот ќе каже што правите. Јас ви велам за да биде како што треба немојте да мислите дека само вие што мислите е најисправно. Ако немате евиденција, ако немате контрола, ако не ја решите узурпацијата немате шанса да го спроведете овој закон. Јас знам со кој закон е решена и се решава узурпацијата, но таа не нуди ефикасност и не придонесува за брзо решавање на овие предмети. Сега ја имате оваа можност со прекршочна одредба и тука ќе се види вашата вистинска цел или заложба вие што ја кажувате само ако вградите такво решение.

За членовите на Комисијата од локалната самоуправа. Сами кажавте дека се отвараат на локално ниво. Ако се отвараат на локално ниво за секоја катастарска општина за земјиштето нека си биде член од локалната самоуправа. Комисијата ќе е една со промелнив член за секоја катастарска општина. Ако сакате нависитна транспарентно, дајте најтранспарентно кој ќе го избере Советот тој нека биде член и нека следи

дали е транспарентно. Вака вие ќе викате транспарентно, ние скогаш ќе викаме не е транспарентно затоа што и подрачната единица на Министерството каде се отвараат е на Владата и Владата е Влада, ние ќе викаме не е транспарентно.

Околу она дали на физичките лица требало да покажуваат колку ќе вработат, колку ќе произведат, како ќе го користат. Ами, физичкото лице може никој нема да вработи, тој сака само за сопствена егзистенција, а не потпаѓа под категорија на социјално необезбедени лица, можеби има некоја сокршена кола. Тоа значи сите овие забелешки што ви ги давам се во насока на подобрување на онаа цел која вие викате сакаме да ја постигнеме и ние сакаме, верувајте, да ја постигнеме, но без овие решенија или забелешки што ви ги давам не ќе да ја постигнеме. Само декларативно ќе настапуваме популистички пред народот дека сакаме нешто да направиме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика на излагањето на господинот министер побара господинот Садула Дураку, повелете.

**Садула Дураку:** Благодарам.

Со внимание ве слушав господине, мислам дека вие зборувавте како да сте на изборна кампања. Предлог законот кој е во прва фаза го браните од колешката која дава свои сугестии кои имаат вистински прагматизам во аграрната политика во Република Македонија, така што вашите зборови кои велат дека претходно не биле предвидени сите овие работи во овој закон, како министер воопшто не сте го консултирале досегашниот Закон кој е во сила. Навистина имало недостатоци, тие треба да се отстранат со новиот закон. Аграрната политика треба да ја знаете многу подобро и пошироко во рамките на Европската заедница. Вакви проблеми постојат и во Англија и во други економски поразвиени држави и немојте да мислите дека аграрната политика почнува од вас и ќе заврши со вас.

Околу поделбата на земјиштето во Република Македонија порано одеше преку конкурс. 80% од конкурсите ги инкорпориравте во овој ваш Предлог закон. Голем проблем во Република Македонија претставува поделбата на земјоделско земјиште, но би било добро законот да се дискутира во прва фаза. Колешката која имаше извонредна дискусија, министерот треба да ја земе предвид и да ги земе стенографските белешки од госпоѓата и да соработува со колешката и со луѓето што ги има во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Не е точно што рековте дека Инспекторатот до сега не работел. Што значи тоа? Ако навистина не работел, тогаш тој има надлежност да го суспендира Инспекторатот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика на излагањето на министерот има Верица Филипова, повелете вашите три минути.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани колеги пратеници, почитуван господин министер.

Се јавив за реплика во врска со вашето сегашно излагање, но и во врска со досегашните ваши одговори на мои досегашни пратенички прашања околу поделбата на земјоделско земјиште во општина Штип и општина Карбинци, поточно регулирањето на договорите и воведување во владение на договорите за плодоуживање во овие две општини.

Во вашето излагање без малку можеме да помислиме дека проблематиката и науката околу земјоделско земјиште почнува од денес, почнува од овој закон. Воопшто не е така. Повеќе за ова ќе кажам во мојата дискусија, меѓутоа, моето семејство поседува земјоделско земјиште уште од 1902 година.

Имав прилика, подготвувајќи се за овој закон, да ги прочитам документите уште од Отоманската империја, од Кралска Југославија до денес.

Слични документи, слична проблематика, но за жал, сегашното ваше работење на оваа проблематика околу овие договори за плодоуживање во штипско ме наведуваат на помисла дека основната мисла и водителка ќе биде партизацијата и партиската поделба на земјоделско земјиште. Зошто?

Од 78 договори за плодоуживање во општина Карбинци и Штип вие господине министер,од вашето Министерството доставивте писмен одговор дека биле добри и биле основани и важечки само десетина. Само тие десетина денес се воведени во владение односно го работат тоа земјиште. Останатите социјални случаи, затоа што не се припадници на владеачкото мнозинство,на некоја од партиите од владеачкото мнозинство им ги раскинавте договорите со судски последици и верувам негативни по Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Република Македонија. Постојано се вадевте дека имало бивш градоначалник во еден од договорите. Тотална партизација, потврдена со ваш писмен одговор од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Поради тоа не сум убедена дека предложениот закон нема да има политички импликации во неговата реализација ако не се искорегира. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот Јован Гинев има реплика од три минути на излагањето на госпоѓа Цветанка, повелете.

**Јован Гинев:** Благодарам претседателе, почитуван министер, колеги и колешки пратеници.

Накратко ќе се обратам со една кратка реплика на госпоѓата Цветанка Иванова.

Најпрвин сакам да го изразам моето задоволство што за прв пат се носи еден многу важен закон-закон за земјоделско земјиште со кој конечно ќе се среди хаосот што е направен од претходната Влада со земјоделското земјиште и неговата

распределба по ликвидацијата на земјоделските задруги.

Јас потекнувам од земјоделски крај-Тиквешијата каде големи парцели од земјоделско земјиште во владеење на Република Македонија е узурпирано по партиска линија од страна на Владата на СДСМ.

Од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство давани се површини од 300 до 400 хектари на луѓе кои воопшто не се занимаваат со обработка на земјиштето, туку истите ја рентираа, т.е. ја даваа на оние кои имаат потреба. Тоа е од една страна, а од друга страна истите тие 4 години беа ослободени од концесионерство, не плаќаа никакви давачки на државата. Од трета страна имаше и криминално узирпирање на земјиштето, воопшто не пријавено од индивидуални земјоделци кои посадија долготрајни култури на узурпирано земјоделско земјиште на Република Македонија.

Целиот тој хаос го направи Владата на СДСМ. Сметам дека конечно со овој нов предложен закон ќе се регулираат односите со правилна распределба и контрола на земјоделското земјиште помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и корисниците на земјоделско земјиште и затоа ќе го поддржам овој закон и ќе гласам за него. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Цветанка Иванова, една минута, повелете.

Колега Гинев и ние ќе гласаме за овој закон. Не сме на предизборна кампања.

Јас кажав само на она што не го содржи овој закон. Не го носиме за прв пат овој закон. Луѓето и пред нас мислеле. Закон имало и во 1998 година, закон имало и во 2003 година. Закон за земјоделското земјиште постои од 1945 година.

Значи, не почнува ништо ни од нас, ни по малку па од вас колега. Немојте така. Значи, убивате се нешто човек што сака да подобри во овој систем. Не се носи прв пат закон. Не се памти да немало закон за земјоделското земјиште во Република Македонија, затоа што Република Македонија е аграрна земја. И кој прв почна? Од 2002 година јас ги решавав незаконските договори на претходната Влада. Тогаш знаете која Влада беше. И немојте да се обвинуваме. Немојте тука за тоа кој прв почна. Тука сме сите заедно да застанеме и да кажеме дека ќе биде вака и овој е подобар начин. А не јас ќе гласам, ти не гласаш. И јас ќе гласам за донесување на овој закон, но сакам овој закон да биде подобар, да ги затне сите оние правни празнини кои што можат да произведуваат нерегуларности.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега збор има господин Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Почитуван претседателе, почитуван министре, дами и господа пратеници.

Пред нас е законот за земјоделското земјиште со кој за среќа на сите земјоделци во Македонија, многу прашања од областа на аграрот и земјишната политика ќе се дорегулираат. Некои досегашни решенија ќе се променат, а се во корист на тие што се најмногу засегнати со овој закон, а тоа се македонските земјоделци.

Досегашната ситуација во поглед на земјишната политика, која се водеше при користењето и располагањето со државното земјоделско земјиште, навистина е катастрофална. Голем дел од земјоделското земјиште во државна сопственост е узурпирано од страна на непознати физички и правни лица. Забележана е нетранспарентност и незаконитост во постапката за доделување на истото. Не се исполнуваат договорите за закуп, а Министерството констатира дека огласите за доделување на земјоделското земјиште кои беа објавени во текот на 2006 година беа спроведени со низа регулираности. На пример, спротивно на законот за земјоделското земјиште не е почитувана жалбената постапка и пристапено е по склучување на договори за долгоречен закуп, пред правосилноста на одлуката за избор на најдобар понудувач и покрај поднесените приговори до второстепена комисија. Договорите се склучени непосредно пред изборот на новата Влада, со верификација на мандатот на претходниот министер. Постапката е спроведена во време на траење на изборната кампања, што е спротивно од Законот за спречување на корупцијата.

Исто така, не е воден никаков надзор над исполнување на обврските од договорите за закуп на земјоделското земјиште во државна сопственост, што довело до катастрофален низок процент на наплата на закупнината од под 5%.

Затекната е состојба на непостоење на никаква евиденција, ниту регистар на склучени договори на закуп на државно земјоделското земјиште, нема регистар да се знае колкаво е слободното земјоделско земјиште во државна сопственост. Не се знае, колкава е наплата од закупнина од склучените договори и слично.

Затоа, Државниот инспекторат за земјоделство, презеде широка акција за откривање на лицата кои безправно го владеат земјоделското земјиште во државна сопственост и нивно процесуирање низ институциите на системот, за санкционирање на таквите појави.

Што се однесува до транспарентноста и законитоста, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изврши ревизија на сите постапки за доделување на земјоделското земјиште во државна сопственост во текот на 2006 година и најголем дел од нив беа поништени. Така, огласите за доделување на земјоделското земјиште број 2 и 3 од 2006 година се поништија.

Воедно Министерството на транспарентен и законски начин пристапи кон објавување на нови огласи за доделување на земјоделското земјиште, предвидувајќи јасни критериуми за распределба на истото. Спроведена е исто така и широка кампања за информирање на сите

заинтересирани правни и физички лица за нивно објавување.

Значи, овие се некои од активностите за транспарентна распределба на земјоделското земјиште, а меѓудругото сега и Предлог законот за доделување на земјоделското земјиште, за да се стави крај на катастрофалната ситуација со распределбата на државното земјоделско земјиште.

Со овој Предлог закон предвидени се нови решенија со кои сите овие неправилности, аномалии и узурпации на државното земјоделско земјиште ќе бидат сведени се надевам, на минимум. Така регулирано е користењето на земјоделското земјиште со што се пропишани мерките за зголемување на плодноста, одредени се мреки за укрупнување на земјоделските парцели, како што објасни и министерот, преку право за првенство на размена на земјоделското земјиште, со што директно ќе влијае на поефтинување на земјоделското производство.

Прецизно е регулирана содржината на јавниот оглас за давање под закуп на земјоделското земјиште во државна сопственост и за прв пат во Комисијата која ја спроведува оваа постапка, ќе има претставник од здруженијата за земјоделци. Потранспарентно од ова, навистина не знам што би било.

Добро е што покрај домашни физички и правни лица, можат да конкурираат и странски правни лица, кои имаат регистрирано подружница во Република Македонија, со што се привлекуваат голем број на странски инвестиции во земјоделието. Потоа, предвидено е со избраниот понудувач, значи оној кој што има најдобра понуда да се случи договор во кој прецизно е наведена содржината, со што не се остава никаков простор за различно толкување, манипулирање и неплаќање на договорениот закон. Со тоа што не се плаќаше закупнина во изминатиот период се нанесе огромна штета на државата и на самите земјоделци. Овде би дал еден пример, во општина Прилеп има околу 60 илјади хектари државно земјоделско земјиште од кој прва, втора и трета класа се 20 илјади хектари.

Ако се земе предвид дека просечанат цена на закуп на еден хектар беше 3 илјади денари, значи околу 50 евра, тогаш државата само во прилепската општина годишно губи милион евра.

Овде единствено би апелирал до министерот, сите средства што ќе бидат собрани по овој основ, повторно да се дадат назад кај земјоделците во вид на дополнителни субвенции.

Новитет во овој закон е што е регулирано пренесувањето на корисничко право, односно пренос на правните следбеници на закупецот под исти услови со што се дава една правна сигурност. Особено битно е што прецизно се наведени условите кога се раскинува договорот за закуп.

Едно цело поглавје посветено на земјоделското земјиште, однесување на штетни материи и со што покрај земјиштето се заштитуваат и подземните и надземните води, значи се заштитува целата животна средина, што на овој закон му дава една многу битна еколошка страна.

Добро е што исто така казнените одредби се зголемени за неколку пати, што е гарант за ефикасно спроведување на овој закон.

Заради сите овие добри и прецизни одредби, мислам дека овој закон конечно ќе стави ред во издавањето под закуп на државното земјоделско земјиште и дека со тоа земјата ќе се даде во рацете на оние на кои им е најпотребна и кои најефикасно ќе ја искористат.

Поради сите овие причини, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го подржи овој Предлог на закон.

**Љубиша Георгиевски:** Верица Филипова, повелете, реплика од три минути.

**Верица Филипова:** Благодарам почитувани присутни. Во ова излагање и во претходното беа кажани низа невистини. Законот за земјоделското земјиште ќе го подржи и пратеничката група на СДСМ и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Меѓутоа, дека сега немало ред, а од сега конечно ќе се стави ред. Дека земјоделското земјиште било поделено на СДСМ и нејзините членови не плаќале рента, не е воопшто точно. Впрочем, оваа Влада е повеќе од 9 месеци во Република Македонија на власт. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, функционира на овој начин како функционира со овој министер од владеачката коалиција, а до сега покрај повеќето барања не беше доставен список на сопствениците, односно на изнајмувачите на земјоделско земјиште кои плаќаат и кои не плаќаат рента. Па да видиме, чии членови се. Напротив, моите информации говорат дека најголем дел на закупците кои не плаќаат рента се членови токму на ВМРО-ДПМНЕ. И да не ја замајуваме јавноста и да не шириме невистини во денешните излагања, дека тоа биле членови на СДСМ, што не е ни најмалку точно. Впрочем, документите се кај вас, вие ги имате, дајте обелоденете ги, па да ги види македонската јавност што е точно, што не е точно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контрареплика господинот Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Навистина ќе се согласам со колешката Верица Филипова. Навистина, нивната Влада цела земја им ја даваше на членовите на ВМРО-ДПМНЕ и тоа на сите во Македонија им е јасно дека членовите на ВМРО-ДПМНЕ ја добиваа земјата, додека СДСМ беше на власт.

Околу наплатата, фактот што само 5% е извршена наплата, говори дека не се вршела никаква наплата и дека никој не плаќал. Во овие 6 месеци изготвени се 144 предлози за раскинување на договорите и изготвени се 44 решенија за раскинување на договорите. Што значи дека наплата немало воопшто за време на владеењето на СДСМ. И факт е тоа што како што

реков дека само 5% е извршена наплата за закупнина на земјоделското земјиште.

**Љубиша Георгиевски:** Сега збор има господин Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министер,

Денес пред нас се наоѓа многу важен Предлог за донесување на закон, кој ќе ги регулира односите за издавање, користење и зачувување на земјоделското земјиште. Со ваквиот закон, сите овие односи ќе се регулираат, при што и директно и индиректно ќе се решат одредени проблеми кои досега се создаваат при користењето на државното земјоделско земјиште. А проблемите од овој домен се и бројни и многу сложени, наталожени со години наназад, повеќе заради негрижа на државата и институциите, одколку заради недостаток на соодветна законска регулатива.

Можам да се согласам дека досегашната правна рамка која ја регулираше материјата за земјоделското земјиште, стана и премногу тесна и премногу порозна, наспроти бројните злоупотреби на истата во праксата.

Државното земјоделско земјиште доби несалвен статус на “алабегова слама”. Грабај кој може да граба, земај кој прв ќе се дограби и ја ограби земјата. Таквата земјишна политика, поточно немањето соодветна земјишна политика, доведе истовремено до распад на сите поголеми земјоделски комбинати од времето на поранешнот режим, но и до комплетна пауперизација на основниот носител на таа дејност, инвидуалниот земјоделец.

Земјоделците во најголем дел од транзициониот период беа буквално залепени за земја. Во држава во која од секое парче земја може да се ископа античка амфора за вино, или ќуп за чување на жито, земја која милениуми наназад била третирана и култивирана, овие неколку години наназад ја доживеа својата најголма деградација и негрижа.

За најголем дел од земјоделското земјиште во државна сопственост, неспорен факт е дека е узурпирано од непознати физички и правни лица. Остатокот доделуван под закуп, исто така беше подложен на сите можни злоупотреби, почнувајќи од нетрнспарентноста и незаконитоста на постапките за доделување до сериозни нарушувања на одредбите од договорите, неплаќање на закупнината, издавање во подзакуп, необработка на земјиштето, или несоодветно третирање на истото.

Еден огромен дел од државното, но и приватното земјоделско земјиште, со години наназад останува необработено и оставено на милост и немилост на времето. Според неофицијални податоци повеќе од една четвртина од вкупната земјоделска површина е необработена. За една аграрна земја како што е нашата, на која што буквално се може да успее, поголем грев од необработувањето на земјиштето нема. И институциите надлежни за почитување на законските одредби станаа составен дел од општиот јавашлук во користењето на земјоделското земјиште, веројатно и заради одреден бенефит, толерирани се сите овие состојби со години наназад.

Поразителна е бројката со наплата на закупнина од просечно 5% годишно. Уште по поразителен е фактот дека до скоро во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, воопшто не постоела никаква евиденција, ниту регистар на склучени договори за закуп на државно земјиште, слободно земјиште во државна сопственост, наплата на закупнината по склучени договори за закуп, покранати постапки за наплати и раскинување на договори за закуп и слично.

Имајќи ја предвид нефункционалноста на досегашниот Катастар, а со тоа и на Катастарот за земјоделското земјиште, можеме да замислиме каков увид имале надлежните институции во третирањето на оваа материја. Ако кон сево ова го додадеме и статусот кое земјоделското земјиште во изминатиот половина век го има менувано од колективизирано и национализирано до постпки за денационализација на истото, сликата за комплетниот хаос во државното земјоделско земјиште станува комплетна.

Во досегашната законска регулатива, постоеа недоречености и правни празнини кои го крепеа лошото имплементирање на законските норми во пракса, кои што овој Предлог закон треба да ги пополни, поправи или надмине.

Има едно англиско правило кое вели: “И најдобриот закон, кој што лошо се применува, станува лош закон. И најлошиот закон ако во пракса помине добро и се спроведува добро во пракса, станува добар закон”.

Имајќи ги предвид сите наши досегашни обиди да се направи ред во земјоделската политка, ова искуство од англиската пракса треба секогаш да го имаме на ум.

Донесувањето на овој закон треба да биде во функиција на порациоално и поинтезивно искористување на државното земјоделско земјиште кое што дава непосредна основа за негов развој и унапредување за воведување на нова производна технологија, а секако и зголемување на вкупното земјоделско производство. Но, пред се, овој Предлог закон треба да биде во функција на рационално користење на овој ограничен припроден ресурс, во функција на заштита на земјоделското земјиште, како и во функција на обезбедување правна сигурност и на сопствениците и на корисниците на земјоделското земјиште.

Посебно значајни се одредбите во Предлог законот, со кој се регулира зачувувањето на земјоделското земјиште од ерозија и деградација, како и од други загадувачи, кои шт директно или индиректно влијаат негативно на земјоделските култири. Овозможено е да се зачува животната средина, при што се предвидени ригорозни мерки

за нејзино зачувување и унапредување. Со таквите мерки се овозможуваат подобри услови за развој и унапредување на органското производство за кое што на одредени земјоделски парцели во Република Македонија постојат идеални услови за негов развој и зголемен обем на производството на одредени земјоделски култури.

Со донесувањето на овој Предлог закон ќе се регулираат и односите на влез на странскиот капитал во нашето земјоделско производство, дефинирани со членот 23 од Законот, во кој што се вели дека право на учество на огласот имаат и странски правни лица, доколку имаат регистрирано подружници во Република Македонија и на кои земјоделското производство, или преработката на примарни земјоделски производи им е претежна дејност.

Освен капиталниот, законот го предвудува и социјалниот момент, дефиниран во членот 39. Земјоделското земјиште во државна сопственост може во полза на одредени категории социјално необезбедени лица да им се дава на плодоуживање, според програма која што ја донесува Владата на Република Македонија.

Во делот на пренамена на земјоделското земјиште дефинирани се трајната и времената пренамена на земјоделското земјиште, правата и обврските на корисниците на тие состојби на пренамена, како и надоместоците и ситуациите во кои постои ослободување од надоместокот.

Посебен значаен сегметн, според мое мислење, Предлог законот предвидува во делот, во глава 3, располагање со земјоделско земјиште и позитивните дефинирања на критериумите при доделување под закуп на истото.

Ако доследно бидат испочитувани во пракса прецизно дефинираните одредби за доделување под закуп на земјоделско земјиште, можностите за одредени злоупотреби ќе бидат минимизирани.

Заради развој на земјоделството се предвидува, средствата собрани од закупнината на земјиштето да бидат приход на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и да бидат користени за развојни цели од делот на агрокомплексот. На тој начин, овие средства сигурно би биле вложени и ставени во функција на поттикнување за развој на земјоделието.

Посебно сакам да истакнам дека Предлог законот е во согласност со европските закони кои ги регулираат односите за користење и одржување на земјоделското земјиште и со негово донесување ќе се создадат подобри предуслови за прилагодување на нашето земјоделско производство и негово приклучување кон заедничкат европска аграрна политика.

Потребата од донесување на оваа законска материја станува повеќе од очигледна и од досегашните дискусии и од интересот на колегите пратеници кои што гледам дека се јавени за денешната дебата.

Сите сме подеднакво свесни дека сосотјбите за кои што денеска разговараме и на кои треба да им дадеме правна рамка се повеќе од алармантни.

Донесувањетона Предлогот на законот го разбирам најмногу како начин да се анимираат најмногу оние на кои земјоделието им е претежна дејност, но и на оние кои и во култивирањето и обработката на земјата гледаат начин за сопствена егзистенција и можност за развој, меѓу другото и на севкупната заедница.

Искуствата на Република Словенија, Бугарија и Романија, кои се веќе членки на Европската унија велат дека најтешко се прилагодува земјоделието кон обрасците, стандардите и нормите што ги воспставува Европската унија. Во прилог на ова и пописот на земјоделието што е во тек и секоја следна законска рамка што се носи од областа на земјоделието треба да биде во целост наменета и посветена на вистинските земјоделци. Ако навистина земјоделците ги заинтересираме и охрабриме во насока на подобрување на нештата што мораме неминовно да ги реформираме и прилагодиме кон новите стандарди, кон кои се стремиме, ако постојано ги едуцираме и третираме како вистински носители на аграрната политика, само во ваков случај можеме да сметаме дека законската материја што денеска ја носиме може да најде своја вистинска примена. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарма и јас.

Сега збор има господинот Шабан Салиу, повелете.

**Шабан Салиу:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Сметам дека како пратеник ќе се обидам да дадам свој придонес за евентуална подобра имплементација на овој закон, односно подобрување на текстот. И покрај тоа што не сум стручњак во оваа област, сакам да помогнам.

Самиот наслов на овој закон, едноставно, упатува на јасноста на идеата за донесвуање на Предлогот на законот од страна на предлагачот, односно Владата. Се мисли на едно вистинско уредување на состојбата со земјоделието и земјоделското земјиште. Меѓутоа, јас би кажал дека тешко во нашата држава може да се најде Ром земјоделец. По игра на случајот, во Ерџелија, Свети Николе постои една фамилија Трајковски која обработува земјиште.

Овој пример сакам да го посочам поради следново: за жал, освен што постои урбана мафија, постои и земјоделска однсоно зелена мафија, како што гледам од настанот што се случил некаде 2004 година. Тогаш, по тендер, по законска процедура семејството Трајковски добива 534 хектари. Со Договорот што го гледам во моментов, е за долгорочен закуп на земјоделско земјиште.

Договорот е од 9 декември 2004 година, каде што, меѓу другото е потенцирано дека Договорот за

долгорочен закуп се склучува за време од 30 години, сметано од денот на стапување на Договорот во сила.

Потоа, во обврските и одговорностите на договорните страни, закупецот се обврзува заеднички да го воведе закупецот во владение за земјиштето од точка еден на овој Договор.

Согласно овој Договор се наведни условите односно правото на користење, по сила на Закон. Закуподавачот може еднострано да го раскине Договорот само во одредени случаеви, ако не се платат даноците и други јавни давачки, со правосилно решение за деанционализација на земјоделско земјиште се врати во сопственост на поранешните сопственици и на закупецот да е отворена стечајна или ликвидациона постапка.

Раскинувањето на Договорот исто е предвидено кога закупецот закупнината ако не ја исплати во дадениот рок, да го издаде во подзакуп, врши пренамена и слично.

И, потпишано е закупец: ДПДУ "Агрекс Сајдо" Експорт-Импорт Куманово и од друга страна закуподавач Славко Петров, Министерство за земјоделие.

Меѓутоа, во пракитката се случува нешро друго. И колегите кои до сега зборуваа за овој Предлог на закон со решение од 7 февруари 2005 година, Договорот за долгорочен закуп на земјоделско земјиште се раскинува. Ова е потенцирано, дека стапува во сила со денот на донесувањето. Односно, потпишано од министер во тоа време Садула Дураки. Во овој случај, семејството Трајковски е високо оштетено, бидејки за оваа намена, откако му биле доделени овие 530 хемтари земјиште има изградено европски модерна млинара за брашно,со модерни машини од странство. Во Ерџелија, исто имаше изградено и вработено 13 лица, но поради спречувањето од мафијата, тој млин во моментов не работи и покрај тоа што од закупецот се дадени 15 илјади евра во време на склучувањето на Договорот, на Владата.

Што се случува во овој момент? Земјиштето сега не е уредено, не е дадено на користење според законска процедура, туку напротив, постои анархија. Селаните, односно лицата кои ги нападнале, односно избркале од ова земјиште, го користат без никаков надомест.

Се поставува прашањето колку во овој момент губи нашата држава од овие 530 хектари, разграбени од овие луѓе таму? Од друга страна, кој ќе се земе на одговорнсот, до колку семејството Трајковски поведе судска процедура против Владата иако оваа Влада тоа го нема сторено? Тоа е дело на претходната Влада. Освен за надомест на овие 15 илјади евра што 3-4 години се држат во самата Влада, а ќе се вратат со законска камата, огромен број на финансиски средства што ќе мора да се вратат од изгубена заработувачка, токмуна овој закупец.

Токму преку овој пример сакам да укажам дека државното земјоделско земјиште треба во фер и законска постапка, со подеднакви услови да се додели на сите бартели, однсоно граѓани во Република Македонија, мимо врските и влијанијата на земјодеслакта мафија, односно зелената мафија која дебело ги наплаќа своите услуги за доделување на земјиште под одредени концесии.

Токму она што Предлогот на законот всушност како начело го предвидува, да се предвиди законитоста, транспарентноста, рационално користење на земјоделско земјиште, правната сигурност на корисниците, заштитата на земјоделско земјиште, како и зајакнување на надзорот иказнената политика. Овој Предлог на закон дава јасна можност за рационално користење на ова земјиште, за заштита на земјоделско земјиште и уредување на сигурност на сопствениците и корисниците на земјоделско земјиште кои во иднина ќе се јават.

Особено сметам дека треба да се води грижа за промет на користење на земјоделско земјиште во државна сопственост, што не може да биде предмет на произволна продажба, да не може да се даде на користење на трето лице во претходна законска постапка што ќе го добијат по одредени влијанија некои други и по пат на закуп и плодоуживање на трети лица да се додели исто така.

Во иднинам, предлагам да се води сметка за законско проследување на постапките за распишување на јавен оглас за давање под закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост, со прецизно определување на условите за времето на издавање, почетната цена по хектар во проценти, критериуми, органот односно Комисијата што учествувала во оваа постапка и т.н.

Согласно членот 23 од Прелдогот е предвидено дека право на учество на јавен оглас имаат домашни физички и правни лица. Лично сметам дека покрај општите услови треба да се води посебна сметка, освен што можат само правните домашни физички и правни лица да конкурираат, до колку конкурираат и странци под исти услови, сметам дека на домашните физички и правни лица треба да им се даде предимство.

Имајки го предвид сето претходно, јас како пратеник ќе го подржам Предлогот за донесвување на законот за земјоделско земјиште. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарма и јас.

Збор има госпоѓа Валентина Божиновска, но колку што гледам не е тука.

На ред е господин Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незир:** Ви благодарам почитувани присутни пратеници.

Мислам дека овој Предлог закон што е понуден од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е закон што навистина горе-долу исполнува критериуми за да се даде предност на една ефикасна работа на секој земјоделц во Република Македонија кој сака професионално да се занимава со земјодеслка професија. Еден поздрав за законот, бидјеки ќе оди во две фази,

каде што преку забелешки,наши сугестии, ќе можеме да ги дадеме најдобрите политички солуции од областа на земјоделието, во квалитено подобрување на законот.

Освен тоа, сигурно од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе се има во предвид да се разговара и дискутира за овој закон и со разни земјоделски здруженија, луѓе кои на професионален начин, непсоредно се занимаваат со земјоделско производство.

Предлогов на законот, неслучајно е во прва фаза, да се дискутира, па затоа секоја новина, секое нешто што се нуди како ново во прва фаза, се разбира има свои грешки и недостатоци, па во оваа релација треба да се надминат во предлог на закон. Знаеме колкав е степенот на образование на нашите земјоделци. Не сакам да навредам никако како категорија, но треба да ги имаме во предвид нештата дека нашите земјоделци многу малку непосредно се инволвирани за анализа или пак за разгледување на одредени предлози на вакви закони, што на некој начин треба да бидат подготвени за натамошна примена во нивната професија, како што е овој конкретен закон.

Особено треба да се има предвид, кога ќе се дискутира за фиансиката и материјалнат сосотјба на земјоделците при нивната примена, како е предвидено, какви мерки ќе има во оваа насока од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со презентирањето и продажбата на земјоделските производи, со култивирање на одредени земјоделски производи, стимулирање на земјоделците за квалитетно производство, за развој или не на големи земјишта и плодни земјишта вонемањето доволно вода за нивно наводнување. Треба да се имаат предвид и начините за инвестирање и недостиг на алатки, земјодеслка механизација за навистина квалитетен производ.

Го прочитав законот, иако не сум професионалец во оваа насока, се обидов да го разберам и да ги консултирам луѓетокои се разбираат во оваа облст, луѓе кои не се само од власта,туку луѓе со завршен Земјоделски факултет. Имам неколку забелешки пред мене. Тоа е од секојдневната практика, а тоа е пред се социјалната состојба на земјоделците.

Мислам дека со овој закон некои недостатоци, некои негативни прашања, што до сега, го следи нашето земјоделство го следат, а можат да се надминат, тоа е пред се лошата економска и социјална положба на нашите земјоделци. Пред се, станува збор за луѓе, категорија на граѓани во Република Македонија бидејки најголем број од нив, а тоа треба да се има предвид, се без работа, па да речеме еден член на едно семејство, кој сака професионално да се занимава со земјоделие или пак да вклучи во тоа земјоделие член од неговото семејство, мислам дека овој закон на тие луѓе им овозможува некои работи.

Се поставува прашањето како ќе се регулира, можебијас не можев да го разберам нормативнито дел од законот, како ќе се регулира при примената на земјоделците, бидејќи имаме такви сознанија, кои се од социјалната категорија, кои се сиромашни, но имаат желба навистина да земат земјиште да го обработуваат, се разбира да произведуваат земјоделски производи, не само да се разреши нивниот социјален статус, туку и инормално, ќе ја олесни позицијата на државата наспроти оние граѓани кои се без работа.

Потоа, какви механизми ќе изнајде државата и Министерството за земјоделство во презентација и пласирање на земјоделскит епроизводи? До сега, со години знаеме дека земјоделците во регионите каде навистина се обработува земјоделското земјиште, како што се Струмица, Гевгелија и други места каде многу материјални добра, земјоделски производи остануваат без да бидат продадени и пласираат, без оглед на нивниот квалитет. Дали ќе има можност од правен и нормативен аспект во овој закон да се вклучи некој член или некој став во некој член, навистина оној кој се занимава професионално, на крајот на годината да не доживее неуспех во однос на земјоделското производство, па да се разочара и да ја остави на страна работата што до тогаш ја применувал.

Дали постојат механизми и дали во законот се предвидува, бидејки станува збор за прва фаза, како стимул за земјоделците, за оние за кои нависитна нивниот производ ќе биде квалитетен, ќе биде конкурентен на пазарот надвор од Република Македонија ? Дали во Европа или во нашиот потесен регион, дали постојат механизми кои ќе стимулираат мотивираат земјоделци и наредните години, не само околу квалитетот на производот, туку и да го зголемат производството. Не сум правник, не ги знам правните нормативи, но треба да се изнајде некој простор, да се предвиди во законот, да постои како правна норма, со што и Министерството за земјоделство ќе се ангажира да се придржува до законот.

Навистина е проблематично и околу развојот или неразвојот, обработката или необработката на земјоделското земјиште. Зборував и на Матичната комисија, но и тука сакам да кажам дека имаме големи земјишни површини каде земјоделците, во недостиг на мелиоративен систем немаат можности да ја развиваат својата земјоделска дејнсот. Мислам дека во законот треба да се предвиди, во законот, во оние места, региони каде имаат доволна вода, како што е случајот во северо-западниот дел на државата, во Карадак или Липково, бидејки општина Липкова има две брани, а нема систем или тој систем не се употребува, верувајте ми, ако некој од вас замине во тој дел и го посети, ќе види дека нависитна е плоден, но во недостиг на вода тие луѓе ги оставија на страна работите во земјоделието. Зато амислам дека треба да се предвиди таква регулатива, таму каде што псотојат ресурси од вода, државата треба д аинтервенира и да

воспостави систем на водостопанство во однос на поголеми земјоделски површин.

Мислам дека ова се главните точки што треба да се имаат превид. Во оние места каде нема воден ресурс, треба да се изнајде, бидејки секогаш сме се фалеле во однос на нашите квалитетни земјоделски производи и во однсо на земјоделството и сточарството, за стимулирање на тие луѓе и земјоделци да продолжат со нивното професионално работење во земјоделието.

Без оглед колку државата ќе има корист од земјиштето што ќе се подели, мислам дека како што е комуната поблиска до граѓанинот, не може власта со земјоделецот и секогаш треба да се најдат некои форми и начини да постои еден процент на право и општината да располага со тие земјишта, да постои корелација меѓу централната и локалната власт во овој правец.

Јас имам неколку забелешки во овој дел, во техничкиот дел на законот, каде што станува збор за членот 14, каде што се зборува за приоритетно право за користење на земјоделското земјиште и добро е да се прецизира, со цел да немаме злоупотреба на ова право, при примената на ова право. Така на пример, во став 1, каде станува збор за приоритетно право при продажба на земјоделско земјиште, потоа ставот 4 каде што станува збор за продажба врз основа на јавен оглас, не се прецизира колку е приоритетно право во купувањето при јавен оглас. Станува збор за член 14 став 4 и треба да бидат поблиску еден до друг за да нема утре или задутре некое лошо интерпретирање на став 4 или став 1 и 4.

Член 16: во насловот станува збор за промет и искористување на државно земјиште, а во членот 15 се зборува за размена на земјоделското земјиште. Јас мислам дека и при размена се прави промет. Затоа, би било добро да се усогласат овие две прашања. Во член 17, каде станува збор за можноста за давање под кирија на земјоделското земјиште врз основа на два начина, јавен оглас и непосреден договор, јас мислам дека давањето можност за давање под кирија на непосреден начин да се елиминира, затоа што често пати има разни афери од разни владини гарнитури во претходниот период, кога во тет а тет средби со заинтересирани луѓе, без оглед за какви спогодби и договори станува збор, тие биле злоупотребени. За да се надмине оваа можност, подобро е да се дефинира вториот дел од непосредна спогодба како ќе се реализира таа спогодба во рамките разговорите на министерот и заинтересираната страна или пак внатре преку некоја комисија итн. Мислам дека е добро да се регулира и прецизира подобро за да не дојде до злоупотреба на правото и на министерот, но и на било кој друг што има право со закон на некого да му даде земјоделско земјиште на употреба, на користење. Минатото не учи дека навистина на овие забелешки треба да дадеме приоритет.

Членот 37 предвидува можност за давање под закуп, но во одредени прилики овој член треба да се елиминира заради причините што ги кажав претходно, бидејќи некои нагласени случаи се прецизирани и не е добро во овие случаи да се даде под закуп на непосреден начин. Станува збор за членот 37 кој е во непосредна корелација со членот 17. Мислам дека овие мои забелешки се во правец на стимулирање на земјоделците заради обезбедување на системот за наводнување, а исто така заборавив да кажам дека е познато во делот на Струмица и Гевгелија дека има центри за прибирање на земјоделски производи добро би било Македонија да ги анализира како центри, како пунктови за собирање на материјални земјоделски производи, да речеме, регионото на Куманово, Тетово, во Источниот дел на Македонија би било добро да се регулира со закон, кога е познато дека земјоделец од Куманово оди во Струмица да го пласира својот производ или да речеме на скопскиот пазар, за да го пласира својот производ. Треба да бидат познати центрите за откуп на овие земјоделски производи. Треба да го спомнам и тоа дека навистина нашите земјоделци, тие кои сакаат да земат земјоделско земјиште, да имаат повеќе хектари, во недостиг на механизација, трактори и многу нешта, како може тој да ги надмине овие проблеми и недостатоци, за да биде конкурентен со другиот дел на конкуренција кој што доаѓа од надвор итн. Мислам дека треба да се инкорпорираат некои елементи на она што мислам дека е позитивно и приоритетно и мислам дека овој закон горе долу ги исполнува и критериумите за земјоделците и ќе биде во корелација со законите од Европската унија. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

За збор се јави министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе.

Му благодарам на претникот за сугестиите во насока на подобрување на овој закон. Со пратенкот разговаравме и на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и за дел од овие работи разговаравме и таму. Би сакал само накратко да коментирам дел од неговите сугестии.

Прво, за социјалните случаи. Да, многу е во право, давањето на земјиште на социјални случаи го регулиравме во членот 39 каде што му даваме право да може со посебни програми за социјално необезбедени лица да може да се дава земјиште.

Вториот дел беше за механизмите за пласман и регулирање на пласманот. Тоа е исто така направено со Предлог на закон за земјоделство и рурален развој, а она што конкретно моментално го работиме на терен е решавање на проблемот на пласман со донесување на стратешки инвеститори кои би инвестирале во Македонија и би го откупиле земјоделскиот производ.

Околу стимулирањето на земјоделците, тоа исто така е предвидено во новиот закон за земјоделие и рурален развој, а моментално тоа се спроведува и преку Програмата за

субвенционрање на земјоделството, која годинава е зголемена за три пати во однос на минатата година.

Околу водоснабдувањето за Липково и Карадак и околу можност државата да помогне во изработката или во реконструкцијата на водоснабдителните системи, само да повторам дека таму се потрошени за последните 4 години 32 милиони евра со проектот на Светската банка, дел е реконструиран, со почетокот на новиот проект ќе го продолжиме тој процес.

Околу размената, фактички размената не е промет на земјоделското земјиште, туку точно е прецизирано како и кога се врши таа пренамена.

Околу непосредната спогодба, токму во овој закон има членови и предлози каде се регулира да нема право да се злоупотребува непосредната спогодба. Значи, во членот 17 точно е презизирано дека во членот 37 се допрецизираат начините и можностите за давање на правото на непосредна спогодба, каде точно е дефинирано кога, во кои случаи и како се врши непосредната спогодба, се со цел да се избегнат манипулациите.

Искажувам благодарност за сугестиите за подобрување на овој предлог. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

На ред за збор е господинот Миле Пачемски, но имаме уште две минути до паузата. Како преферирате? (После пауза).

Тогаш објавувам пауза до 15,00 часот.

(Паузата отпочна во 13,58 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,11 часот)

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа.

Го молам господинот министер да влезе во слата.

Има збор господин пратеник Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам.

Да го почекаме министерот.

**Иван Анастасовски:** Добро ќе го почекаме.

Пристигна министерот.

Продолжуваме со работа.

Има збор пратеникот господин Миле Пачемски, повелете.

**Миле Пачемски:** Благодарам потпретседателе.

Господа пратеници, господин министер,

Темата за која што денеска зборуваме побуди голем интерес кај многу пратеници и тоа од проста причина што Македонија е аграрна земја, земја во која што голем број на население се занимава токму со земјоделието и има доста голем број на луѓе кои што сакаат да се занимаваат со земјоделие, меѓутоа немаат доволно земја.

Спорд овој закон тие луѓе имаат правона закуп на земјиште односно земање на државно земјишт епод концесија.

Во овој закон доста теми се опфатени и особено сакам да ги поздравам оние теми кои што се однесуваат на давање на закуп на земјиште на законски начин,каде што ќе бидат исклучени сите оние привилегии, партиски, непотизми и разни други видови на привилегии во однос на доделување на земјоделското земјиште.

Друг дел кој што е исто така за поздравување воовој закон е процесот на окрупнување на земјиштето. Тоа е процес кој што ќе биде насочен против уситнувањето на земјоделското земјиште.

Имено знаеме ние дека, обично така е во Република Македонија во една фамилија има земја од два декари и ако таа фамилија има двајца синови тоа земјиште се дели и секој си добива по еден декар, па потоа тие имаат пак синови и тоа земјиште од по еден декар се уситнува идобиваат попола декар. Така да се уситнува парцелата коај претходно била два декара, по неколку генерации се добива земјиште кое е распарчено на половина декар илиуште помала парцела.

Овој закон дозволува да имаме окрупнување на тоа земјиште, а тоа е преку продажба односно при продажбата на тоа земјиште предност имаат или соедите на тоа земјиште, илипак кософственицитe.

Друг начин е тоа земјиште да може да може да се продава односно да се разменува, земјиште државно и приватно. Тоа е исто така во насока на окрупнување на земјоделското земјиште.

Она за што сакав најмногу да земам збор поодноc на овој закон и би го замолил министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство да го чуе мојот предлог и мојот совет. Добро е што овој закон се носи во две фази идобро е што секојод нас има добри намери да даде совети во врска со овој закон. Јас би го замолил господинот минситер за земјоделство, шумарство и водостопанство, би го замолил минситерот да ме слуша ког аго давам мојот предлог, за кој најмногу се јавив.

Кога се работи за овој дел од законот кој што третира заштита на земјоделско земјиште во интерес производство на здрава храна, производство кое што ќе биде во интерес на здрав живот на населението, заштита на животинскиот и растителниот свет.

Се работи за производствона органска храна, работа која што е многу популарна во Западна Европа, која зема голем замав и ние би требало со овој закон да посветиме доста внимание на ова аматерија. За што се работи?

При секоја обработка на земјиштето со цел да има поголем принос на земјоделски производи земјоделците обично земјата ја обработуваат, ја ѓубрат со вештачки ѓубрива, ја третираат културата со разни пестициди, инсектоциди, а тоа се се хемиски материи. Значи, тоа се хемиски материи кои што се вградуваат во земјата и преку земјата, преку корените, преку листовите на тие земјоделски култури тие се вградуваат во плодовите на тие земјоделски култури кои што

ние потоа ги берем и ги користиме за исхрана. Овие хемиски материи, за кои ние знаеме дека се карцоногени, еден мал дел од тие материи хемиски преку исхранта доаѓаат и во нашето тело. Можеби тоа е една од причините што во последно време имамае еден поголем степен, погоелм процент на лица кои се заболени од карценогени болести. Тоа е и причината што воопшто популацијата стареа. Тоа е една од причините што овие карценогени материи, карциноми се токму тие со кои што се третираат тие земјоделски култури.

За тоа со овој закон би билопожелно да има контрола на употребата на овие хемиски материи. Тоа е првата работа.

Втората работа што сакам да ја потенцирам е пак во врска со оваа тема, а тоа е вие преку вашите стручни служби можете да уредите во Република Македонија кои региони во Македонија би биле погодни за производство на здрава органска храна. Се работи за храна која што нема да биде третирана со хемиски препарати, пестициди, инсектоциди и вештачки ѓубрива.

Тие производи кои што се добиени без тие хемикалии тоа се здрави органски материи, здрави органски продукти кои што во Западна Европа имаат за 10 или 15 пати поголема цена отколку што е кај нас. На пример компир, бидјеки јас потекнувам од Малешевијата каде што најмногу се произведува компирот, ако еден килограм компир има пазарна цена од 15 денари, тој компир ако е произведен по органски пат би добил цена 10 пати, 15 пати или 20 пати поголема. Тоа е неговата цена во Западна Европа во голем број на супермаркети и други ланци на трговија во Западна Европа. Меѓутоа се знае дек атојкомпир што е произведен на таков начин тој комопир во себе не би содржел никави хемиски материи кои што би биле карценогени и би ја зголемиле можноста од појава на карциноми кај населението.

Сега вие во вашите стручни служби треба да одредите кои би биел тие региони во земјата, а тоа сигурно нема да биде Тивешијата каде што е Фени,сигурно нема да биде Велес или Велешко поради Топилницата што е таму,сигурно дека тоа не би бил Скопскиот регион во кој што има доста индустриски капацитети или околината на Југохром-Тетово. Кој би биле тие региони вие најдобро ќе го знаете и ќе ги одредите тие реони.

Можеби во вашиот закон што ќе го предложите во втора фаза не е лошо да предвидите одреден процент од тоа земјиште што го давате под закуп, под концесија, пак вие ќе одредите дали 10%, или 20% од тоа земјиште би било исклучиво земјиште кое ќе биде наменето за производство на здрава органска храна. Тие земјоделци што тоа земјоделско земјиште ќе го обработуваат можеби би имале некои привилегии во поглед на цената на производството или некои слични такви привилегии.

За ов амислам дека треба сериозно да се размисли, затоа што тоа е трен во Западна Европа и ние имаме навистина добри региони, имаме добри услови да произведуваме здрава исхрана која што апсолутно нема да има никогаш проблем за пласман на Западно-европскиот пазар.

**Иван Анастасовски:** Има збор господинот пратеникот Љубисав Иванов Ѕинго.

**Љубисав Иванов Ѕинго:**

Почитуван потпретседателе, уважени колеги, почитуван министре.

Веднаш на почетокот да кажам дека овие два дена во Парламентот ни се случи една прекрасна работа. И позицијата и опозицијата пристапија кон третманот на еден многу значаен закон за нашата татковина, Законот за земјоделското земјиште, при што дојдоа прекрасни предлози и од едната и од другата страна. Нашиот Прламент овие два дена заличи на парламентите на високо развиените земји,на парламенти кои што имаат традиции 150 и 200 години. И со право јас очекувам и понатаму кога ќе имаме закони од сферата на економијата, да имаме вакви исцрпни расправи, идеи, предлози, кои ќе одат во корист на нашиот сопствен народ, нашата држава, нашата татковина. Овој пат се покажа и многу пати досега за тоа сум зборувал дека кичмата на секоја земја, столбот ја чини земјоделието, производството на храна, индустријата, која што ја преработува земјоделската суровина. Дека сите земји во светот по којзнае кој пат, ќе повторам инвестираат и ја развиваат оваа гранка. Таму каде што нема никакви услови за такво производство, таму се вложуваат големи напори, користејќи ги новите технологии, кои доаѓаат од светот, самите настојуваат да обезбедат спотвено производство на храна. Земја што има производство на храна е земја независна. Ако немате храна, можете да имате колку сакате телевизори, бела техника, компјутери итн, не можете да живеете. Нарочно, во времиња на кризи, на војни, Македонија е благородна земја, за производство во оваа гранка потребна е земја, вода, сонце. Македонија има и едно и друго. Еве сега го носиме законот за земјоделието, веројатно наскоро Министерството за земјоделие ќе ни го предложи и законот за води, затоа што нема производство ако нема води. Ние спрема површините кои што ги имаме во Македонија, обработливи површини, имаме ресурси на вода, кои можеме да ги покриеме со комплетно наводнување. Јас во една прилика тука ви зборував за Израел, кој што нема никакви ресурси и речиси само едно езеро на Голан, па целата пустина и цел Израел го наводнува на рационален начин. Но, за тоа не сакам повеќе да зборувам. Ние сега сме во ситуација кога имаме тендери за изградба на хидроелектрани, ние и досега изградивме големи акумулции, преку стотина, поголеми и помали. Македонија има големи резерви и во природните езера, како што е Охридското езеро, Преспанското и Дојранското езеро. Сега, кога веќе имаме тендери за изградба на електрани, веднаш Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство тоа

таму припаѓа и тоа се споени садови, па треба да го донесе законот тука пред Парламентот за води, затоа што ако тоа не го регулираме, утре ќе имаме големи проблеми со оние кои ќе стопанисуваат со водите за производство на електрична енергија. И со постојните системи ако тоа прашање не се уреди, дотолку повеќе за овие 16 години, практично водосистемите речиси пропаднаа. И, тука многу брзо треба да се забрзаат процесите. Дури треба да се размисли и преработувачкиот дел од земјоделски суровини да се концентрираат во Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство. Тоа мора да се направи еднаш како заокружена целина за да функционира овој дел на општеството. Сигурно тука треба квалитетни луѓе, висока организација, но ние не смееме тоа да го поделиме. Значи, тука предлагам и Собранието да заклучи на ова прашање да му дадеме целосно решение, за да можеме во оваа област брзо да одиме напред. Тука имаме изградена висок консензус. По тоа прашање нема разлики меѓу нас како позиција и опозиција. Тука нема разлики меѓу општините и регионите. Значи, постои едно општо расположение во тој поглед. Ние, главно, зборуваме се за негативни работи за овие 15,16 години. Па, еве една направивме и позитивна. Не влеговме во авантура да го приватизираме и да го продаваме земјиштето. Веројатно, тоа беше спречено и од Уставот кој што го имаме, Македонискиот устав. Земјата, водата, шумите, рудното богатство се национални богатства. Јас се плашам, ако тоа силно не го уредиме со овој закон, дека утре некој авантурист ќе дојде какви што ги имавме по пат да го продава обработливото земјиште на странски лица, на странци и тој столб, практично, на кој што треба да почива независноста на државата и тој да го изгубиме. Затоа, треба во овој закон тоа да се зацементира. Сите што тргнаа по тој пат направија крупни грешки и исправувањето на тие грешки ги чинат тие држави многу пари и многу средства.

Второ прашање на кое што во втората фаза Министерството за земјодество, шумарство и водостопанство мора да му посвети внимание и во овој закон и во други закони да се вгради е спречувањето на намалувањето на обработливото земјиште. Вие гледате дека ние се градиме во дел кој што е најплодороден, дел кој што треба да не храни и непрекинато ги намалуваме површините кои што треба да ни даваат земјоделски производи. Погледнете го само Скопје. Наместо Скопје да се развива преман овие ридско-планински региони, па погледнете каде ја ставивме индустриската зона. Наместо таа да ја ставивме во региони кои воопшто не се обработливи, ние зафативме огромни површини на земјоделско земјиште. И сите градови во државата, најлесно е да се гради во тој рамничарски дел, најбрзо да се донесат комуналии и со тоа непрекинато го намалуваме земјиштето на кое што треба да почива нашата иднина и иднината на нашите поколенија. Па, вие гледате какви движења има во западните земји, не само да бараат да се шири станбената изградба на ридско-планинските предели, туку недозволуваат повеќе да се градат автопатишта. Луѓето, ние во светот во таа насока не ги следиме. И, кога еден ден низ многу години констатираме какви огромни површини плодородни сме ги ставиле под бетон, под железо, под објекит кои сме можеле да ги поставиме на други места и на друг терен кој не може да се користи за производство на земјоделски производи. Затоа, другар министер, вие морате на ова прашање да му посветите големо внимание. И сега постојат некои ограничувања, и сега Министерството за земоделство, шумарство и водостопанство дава согласности, меѓутоа тоа се прави многу елегантно и многу брзо. Па, ако ние вака продолжиме, ние ќе го споиме Скопје со Куманови, а гледајте какви се тоа прекрасни терени за производство и развој на земјоделството. Коренити промени мораме и во нашата свест и во нашите закони да направиме, за да ја обезбедиме иднината на поколенијата кои што доаѓаат. Секој закон е добар ако е краток и ако е јасен. Овој закон ги има тие квалитети. Со овие дополнувања кои што тука ги изнесоа колегите пратеници и овие што ги предлагам, ние ќе имаме еден поквалитетен закон. Сигурно е дека никогаш тој не е најквалитетен и не е еднаш даден за на век. Времињата се менуваат и секогаш е потребно да се дополнуваат законите особено во тие области и тоа сигурно дека ќе се следи со временот кое што доаѓа, особено во ваква жива материја.

На кој аспект сакам посебно да му посветам внимание и како човек, како пратеник и како член на Социјалистичка партија, социјалниот дел на овој закон, каде што практично се отвораат големи можности и тој дел треба уште повеќе да се разработи. Прво, за вработување на невработени луѓе и социјални случаи. Трето, на тие што се занимаваат со земјоделие, ние мораме да ја избегнеме таа дамка во која што влетавме да создаваме големопоседници. Но, за тоа некој ќе рече земјиштето се уситнува. Не е точно. Тоа ако не го решиме со законодавството и ако не го решиме со една политика и подзаконски акти, тоа така и ќе изгледа, затоа што ќе му се даден некому 5 хектари, на некого 10 хектари, на некој 8, на некој 2, на некој 3 итн. Меѓутоа, со законот тоа треба да се предвиди, да нема меѓи и комплексите кои што се даваат тие во сите земји во запад државата со своите стручни капацитете, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, иститутите итн, тие предвидуваат на поедини блокови што ќе се произведува. Државата не е тоа команда, не е тоа планирање, тоа е потреба. Во една Шветска, па и Германија ако патувате ќе видите еден блок огромен, каде што има по стотици, двеста сопственици само еден производ има и тоа еден сончоглед или шеќерна репа или пак некој друг производ, така што практично тука нема уситнување. Но, пак, за дејности, за кои што е потребно да се обезбеди храна, ако некој има

краварска фарма по десет крави, доволни му се 5 хектари, тоа се стандарди. Ако некој има 20 крави, потребни му се 10 хекрати, ако некој има 60 крави нека земе 30 хекрати, ако некој има 150, ако некој има 200, тогаш нека земе 100 хектари, но тоа значи да произведе комплетна храна за неговата фарма. Тоа е така и во светот. Потоа, ќе ја држи земјата, ќе ја држи концесијата додека има 100, 200, 30, 20 или 10 крави. Ако нема тоа, му се зема концесијата. Ние на тој начин треба да го решиме огромниот увоз што ни се прави во Македонија. Тоа се месо, месни производи, млеко, сирење, и што уште не. според тоа, оваа работа не е така едноставна, како што ние ја мислиме, туку оваа работа е многу стручна и суптилна работа, меѓутоа наша е среќата што ние можеме да го копираме светот. Тој веќе тоа го решил, а ние имаме умни луѓе, имаме учени луѓе. Можеме луѓето да ги испратиме во светот и така тоа да го решием, за да не ги правиме грешките како што ги правеле пред нас. Да се учиме на туѓите грешки, да ги користиме позитивните страни и да го решаваме овој проблем квалитетно, стручно, ефикасно и корисно.

Министерството мора да расчисти таму каде што имаме девијантни појави. Ние имаме читави планини дадени под концесија. Тоа е лудост. Зошто? На кого му е потребна таа работа. Значи, тие грешки што сме ги направиле, не сакам да зборувам кој ги правел, ги правеле наши луѓе, граѓани, ние мораме да ги исправиме и во тој поглед сите да имаме единствен став. Не тоа да го решаваме по партиска линија, па ако е член на Социјалистичка партија ќе му помогнеме, ако е член на друга партија од опозиција ќе му одземеме се.

Ние мораме тука да заведеме праведност, чесност, доследност на законите и нашите тендери мора да бидат за сите граѓани, така како што ќе ги дефинираме, така како што ќе се искажеме, ние мораме да направиме општо задоволство кај граѓаните на Македонија и сите од тоа да имаат интерес. Дали се Македонци, Албанци, Турци, Власи и не знам кои, тоа не смее да се гледа, дали припаѓаат на оваа или онаа партија, тоа мора да се исклучи. Мора да се гледа дали работи квалитетно, дали квалитетно произведува, дали го користи земјиштето онака како што е направен договорот, дали има ефекти од тоа. А не, земал на 30 години концесија, а не ги исполнува условите за производство. Не произведува, земјата стои необработена илија рента земјата. Тука мора многу брзо да се дејствува, а имаме апарати, во секоја општина има служби од областа на земјоделието кои мора да се оспособат и во тој поглед брзо да дејствуваат.

За мене не е најбитна концесијата. Плаќањето на концесијата е битно. Парите што треба да се платат по хектар. Тука треба да бидеме многу еластични особено во социјалниот дел каде треба да решаваме социјални случаи, вработување, а и создавање на снажна сировинска база. Тој елемент не е најбитен во овој момент. Најбитно е дали можеме секој квадрат земја во Република Македонија да го ставиме во корисна функција. Тоа што е квалитетно земјиште, тоа земјиште да го насочиме кон квалитетни производи. Тоа што е ридско-планинско за што можеме да го намениме. Тука треба да дојде до израз науката. Можеме таму да развиеме овоштарство, сточарство, говедарство и што уште не. Значи, секоја педа од нашата земја да се стави во корисна функција. Таму каде се шуми да се користат за преработка онака како што предвидуваат законите.

Погледнете ги земјите кои имаат мали површини како на пример Јапан, секое парче од земјата е ставено во корисна функција, а многу народ. Сами обезбедуваат храна и не само тие, погледнете ја Саудиска Арабија-Пустината, произведува пченица и за извоз. До таму е отидена технологијата што практично секое парче земја може да се стави во функција на производство.

Пак ќе се вратам на тоа, парче земја, вода, сонце. Сонцето Господ го дава, водата ние треба да ја обезбедиме, земјата Господ ја дал и на база на таква огромна суровинска база која можеме да ја развиеме, ние можеме да изградиме големи преработувачки капацитети, мислам по број. Не големи капацитети какви што имавме во Република Македонија, туку огромен број мали капацитети кои даваат брзи ефекти и кои носат профит.

Еве, д ане ве задржувам повеќе, за земјоделието, рударството и индустријата многу пати сум зборувал и да завршам со таа мисла добро е што во Парламентот по тоа прашање имаме консензус. Да дадеме подршка во тој поглед на оваа Влада и на идните влади, да изградиме концепт како сите тие проблеми ќе ги решаваме и да нема промени кога ќе изградиме една стратегија таа да се следи. Да се следи 15, 20, 30 години затоа што во оваа област не смеат да се прават грешки затоа што грешките не можат лесно да се исправат.

Уште еднаш да кажам, и препорачувам на Владата ова да го заокружи на едно место производство на суровини, земја, вода, преработка. Колку знам и колку сум во тек, се прави стратегија за развој на земјоделието. Ова прашање треба детално да се обработи во стратегијата. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

Имаме значаен закон за расправа во Собранието на Република Македонија кој отвора можности за многу дебати, за многу ставови, за многу размислувања, бидејќи земјоделието е една област која опфаќа интерес на многу граѓани на Република Македонија, една област во која постојат многу неискористени потенцијали и можности за Република Македонија, но околу стратегијата сега не е време многу да

расправаме, бидејќи сеуште ја нема, не знам дали е изготвена или е во тек на подготовка и за истата треба да се отвори повеќе стручна дебата, а ние како пратеници да се задржиме на она што е наша обврска околу предложениот закон.

Би сакал на самиот почеток да кажам дека иако се најавува дека со овој закон ќе се решат многу проблеми посебно околу распределбата на земјоделското земјиште, сепак би му укажал на министерот дека не е само да се напише добро во законот, туку е многу потешко да се имплементира истото, бидејќи на терен се јавуваат разни ситуации кои со закон не можете да ги превидите, а и тешко се контролира целата работа, бидејќи е огромна површи, многу интереси и затоа ќе треба, до колку сакаме принципиелно и чесно да ги вршиме работите и на контролата, екипирањето и поставувањето за правилна имплементација на овој закон, а не само да го имаме како закон, бидејќи имаме доста закони, но времето покажа дека главен проблем е нивното спроведување.

Би имал неколку забелешки околу предложениот закон, се надевам дека во втората фаза некои од нив ќе ги земете во предвид, чисто се добронамерни и мислам дека ќе послужат во подобрување на текстот на самиот закон.

Прво, во членот 15 во делот околу размената на земјоделското земјиште би сакал Министерството да размисли до колку се врши замена на две парцели да се има во предвид бонитетот на земјиштето заради размената и да се предвиди евентуално во случај ако се врши размена на земјиште со различен бонитет, да не се случи тоа да биде проблем и да не биде регулирано со законот.

Околу утврдувањето на вредноста на земјиштето кое е предмет на размена, предвидено е дека тоа го врши Советот на општината, мислам дека Советот на општината може да донесе одлука околу оваа работа, но сепак утврдувањето на вредноста треба да го врши комија која работи во рамките на локалната самоуправа и врши проценка на имотот. Ова ќе треба малку да го исправите и појасните, бидејќи знам дека во рамките на локалната самоуправа има Комисија за проценка на вредноста на имот вослучај кога се врши промет на недвижности и таа треба да ја врши проценката, бидејќи е стручна и оспособена за такво нешто и мислам дека треба во овој дел да предвидите евентуално надомест за општината, бидејќи таа услуга единиците на локалната самоуправа не можат да ја даваат бесплатно.

Околу ова прашање има можност да се изврши подобрување.

Во членот 17 каде е предвидено за кои намени може да се дава земјоделско земјиште во државна сопственост, тука во последната алинеја е предвидено дека може да се издава и за спортско рекреативни активнсоти, рурален туризам до 30 години. Мислам дека не е место на ова прашање во овој закон, бидејќи се работи за земјоделско земјиште и на овој начин се врши пренамена на земјоделското земјиште за други цели. Значи, не е за спортско рекреативни активнсоти и рурален туризам на 30 години. Не знам како би вршеле лицитација на такво земјиште или за таква намена да распишете оглас дека се издава земјоделско земјиште за таа и таа намена да го давате под закуп. Едноставно не е во надлежност на Министерството и мислам дека нема потреба ова да стои во законот, бидејќи само ќе внесе нејаснотија и вас како Министерство ќе ви направи проблеми при имплементацијата, бидејќи секој ќе се запраша зошто министер за земјоделие дава државно земјоделско земјиште за спортско реакреативни активнсоти и рурален туризам до 30 години. Мислам дека не е место на оваа одредба во овој закон.

Во членот 18 околу закупнината во која е предвидено дека истата треба да се плати до 31 декември во тековната година. Тука има еден проблем околу спроведувањето на сите досегашни склучени договори и за закуп на земјоделско земјиште. Тоа е господине министре, веројатно сте запознаени,оние кои до сега добија земјиште за плодоуживање не можат да остварат сопственост на она што го добиле. Значи, има многу земјоделски површини кои се узурпирани, а покрај тоа што тие имаат потпишано договори, сеуште не можат да ја обработуваат земјоделската површина која ја добиле под закуп. Мора да платат закупнина која, без разлика дали оствариле профит од земјиштето или не, сега мора да платат и таа е основ за раскинување на договорот, но мислам дека сепак ова прашање треба внатре во Министерството да го решите да не оставате самите земјоделци на терен да ја решаваат состојбата, бидејќи можат да настанат многу несакани последици по однос на тоа прашање. Кога распишувате оглас да давате земјиште кое има расчистено имотно-правни односи односно не е предмет на злоупотреба или плодоуживање од некој што не го добил под закуп и сега кога друг ќе го добие, ќе дојде во ситуација да влезе во конфликт со оној што веќе ја обработува, а е должен да плаќа закуп на државата. Значи, државата како сопственик на државното земјоделско земјиште мора да оствари сопственост на целото земјиште кое ќе го дава под закуп. Досегашните случаи кои постојат, треба сериозно да размислите да направите едно решение или стратегија или да ги ослободите од плаќање закупнина додека не го добијат земјиштето кое им е дадено на лицитација да го користат или едноставно оние кои сега го користат, а не го добиле на тендер, да ги отстраните од тие површини и да им овозможите на луѓето кои ќе платат да го користат земјиштето.

Во членот 20 добро е што се предвидува во Комисијата да има претставник од Здружението од областа на земјоделството кога ќе се врши распределба на земјиштето, но мислам дека треба да конкретизирате. Ако се врши распределба на државно земјиште за некоја

намена, за долгогодишни насади, да има претставник од тоа Здружение. Ако се врши распределба на земјиште за пченица да има претставник од тоа Здружение, бидејќи вака може да настане непризнавање на одлуките на Комисијата ако поканите претставник од едно здружение, а другите здруженија не ги поканите, па тие ќе реагираат дека не е правилно извршена распределбата. Тука треба точно да одредите да има претставник од она здужение кое ја третира проблематиката за онаа земја за која намена се дава под закуп. Да нема нејаснотии околу распределбата, бидејќи колку потранспарентно и почисто се изврши распределбата, толку се помали можностите за реакции по извршената распределба.

Во членот 22, почетната цена да изнесува 10% од просечниот принос на пченица изразена во денарска противвредност. Во ред, мислам дека треба да предвидите одредба, бидејќи во законот предвидувате можност земјиште на плодоуживање да се дава и на социјално необезбедени семејства кои не би требало да плаќаат или ако е посебна програма сигурно закупнината да биде или помала додека не достигне некое ниво на социјална сигурност која ќе им дава можност да почнат да ја плаќаат оваа закупнина на земјиштето.

Во член 26 околу критериумите дека големината на земјиштето кое ќе го добие некој од оние што конкурираат, примарно ќе биде колкаво земјиште ќе добие ќе зависи пред се од материјално-техничката опременост на подносителот по еден хектар во моментот на поднесување на пријавата и бројот на вработените.

Мислам дека тука треба да ја земете во предвид програмата или бизнис планот кој ќе го поднесат, затоа што може да се случи во тој момент иако имаат можност толку хектари да обработуваат ако успешно, домаќински работат согласно програмата ќе имаат можеби потреба да добијат повеќе земјиште, бидејќи интенцијата е тоа да се дава земјиште на оние кои домаќински добро ќе стопанисуваат и за истото редовно ќе си плаќаат закупнина на државата. Мислам дека како критериум треба да го земете предвид остварувањето на програмата, бидејќи и таа ќе носи одредени поени, до колку се покаже дека успешно ја остваруваат.

Во членот 32 приход од закупнината, мислам дека едно прашање за кое кога ќе дојде втората фаза треба да се посвети посебно внимание затоа што предвидено е средствата од закупнината да бидат приход на Буџетот на Република Македонија, тука како што беше предвидено со Законот за минерални суровини, ќе биде добро дел од средствата да ги пренамените и како приход на единиците на локалната самоуправа за она земјиште кое се наоѓа во нивниот катастарски опфат на општината затоа што и ова ќе биде еден придонес во развојот на општините, а од друга страна Владата не мора, како што имавме на една од седниците, да ги зголемува даноците за имот, да ја зголемува комуналната такса барајќи начин да го реши финансирањето. На овој начин мислам дека сериозно треба да размислите на ниво на Влада дел од овие приходи да ги намените за единиците на локалната самоуправа. Многу полесно ќе го решите финансирањето отколку со воведување на нови давачки.

Јас немам претстава точно за колкави површини и колкави приноси се очекуваат, но еден добар процент 30-40% би било добро да се пренамени за единиците на локалната самоуправа, затоа што знаеме дека имаат проблем со нивното финасирање.

Во членот 34, престанување на договорот со закуп, е предвидено дека закупот или договорот, ако е долгорочен, може да престане покрај другите случаи, кога се извршува трајна пренамена на земјоделското земјиште, или со правосилно решение за денационализација, истот ќе биде предмет на враќање во таа постапка.

Мислам дека во најмала рака треба да предвидете во тој случај и права на лицата кои што ќе го изгубат договорот и можностите кои ќе ги изгубат со прекинот на договорот, односно да имаат право на оштета, посебно во случај кога се работи за правосилно решение за денационализација, а тоа евентуално би држело до крајот на годината кога треба да заврши правото за поднесување на барање за денационализација. А заради трајната пренамена, сепак тоа е еден напор кој што треба Министерството да го направи заедно со единиците на локалната самоуправа и државата да не го дава она земјиште кое што е планирано да му се изврши пренамена за друго нешто.

Едноставно, да не се случи некој да добие земјиште, да инвестира во користење на истото, во експлоатација, а на крајот кога ќе треба можеби да ги добива главните приноси, главниот профит, едноставно, да му се раскине договорот, затоа што некој решил на тоа место можеби да гради зграда, игралиште или не знам што. Малку повеќе напор, такво земјиште да не биде предмет на издавање под закуп, бидејќи, да не се случуваат некои несакани работи.

По членот 38, продолжување на договорот за закуп, предвидено е по автоматизам, ако закупопримачот редовно го извршува договорот, да може со непосредна спогодба да се склучи договор, истиот да продолжи.

Мислам дека за мене е малку проблематично ова, бидејќи се работи за долгорочен закуп, за да може многу услови да се сменат, а овде под истите услови, како во основниот договор, мислам дека треба малку да го измените и да го појасните. Можеби евентуално под условите да има пренос по наредната распределба на истиот, доколку редовно си го извршувал договорот и си ја плаќал закупнината, да има предност при наредната распределба на земјиштето.

На крајот уште би сакал да се задржам на членот 50, каде што е предвидено за време на пренамена на земјоделското земјиште да се изврши во случаи кога на истото ќе се врши

експлоатација на минерални суровини предвидени со законот или поставување на објекти. Ова е едноставно околу експлоатација на минералните суровини, мислам дека не треба да биде во овој закон и не држи таа одредба да се најде во овој закон, бидејќи јасно е во законот за минерални суровини, јасно е исцртатна и картата на можни места за експлоатација на минерални суровини и не може сега земјоделското земјиште да врши некоја експлоатација на истото, бидејќи колку и да го враќа после во првобитна положба, кога можеби, и не сум толку стручен, да се измеша земјата, ќе се отвори просторот, па потоа да ја враќате, едноставно, мислам дека ќе се изгуби бонитетот, плодноста итн. Нема простор за земјоделско земјиште да вршите времена пренамена за експлоатација на минерални суровини, затоа што исто во овој закон не е место за решавање на оваа проблематика.

Мислам дека поставувањето на објекти, кои што служат за чување на алат, или на земјоделско производство треба да биде како што е во третата алинеа да бидат од монтажно-демонтажен карактер и после завршувањето на договорот закупецот да го доведе тоа во првобитната положба, како би можело наредниот циклус истото да се даде повторно под закуп, во првобитна положба.

Во членот 52 значи за надоместокот кога се врши трајна пренамена, должен е да се плати надоместок, кој ќе биде во висина на пазарната цена на земјоделското земјиште во местото каде се наоѓа зголемена за три пати. Сега, повторно тука висината ќе ја утврдува Советот, кој што како претходно зборував, треба да го појасните, не може Советот тоа да го прави, бидејќи не е стручен, нема надлежност, едноставно, тоа може да го прави комисија. Но во најголем случај, веројатно пренамена на земјиштето ќе бараат единиците на локалната самоуправа и тука ќе дојдете во ситуација, оној што ќе ви бара да му го дадете земјиштето да врши негова проценка. Тогаш проценката ќе биде на најниско ниво. Нормално, мислам дека за овој дел, ќе треба некако поинаку да го решите, евентуално, зависно од важноста на објектот за кој што се бара трајна пренамена итн, да воведете некој правилник, се со цел, да не се доведете до ситуација, можеби да не добете реален надоместок за трајната пренамена на земјиштето.

Еве, јас имав толку во однос на првата фаза од овој закон. Се надевам дека мојата дискусија ќе послужи да се подобрат некои членови со овој закон.

**Иван Анастасовски:** Како последен за дискусија беше господин пратеник Зоран Витанов, повелете.

**Зоран Витанов:** Господине потпретседателе, јас би сакал на почетокот да го поздравам Предлогот за донесување на закон за земјоделското земјиште од страна на Владата и да кажам дека тоа е уште една потврда за заложбите на Владата за конечно доведување во ред и подобрување на состојбата која со годин на ред не е завидна во земјоделието и дека овој закон, односно предлог за донесување на закон, всушност, е во таа насока и оттука ја има целата моја подршка, како донесувањето на овој закон, претходните промени во однос на подобрување на состојбата во однос на земјоделието и законите кои што следат во иднина.

Бидејќи многу се дискутираше досега, јас ќе се обидам да ја скратам мојата дискусија во интерес на времето, бидејќи не би сакал да се повторам со големиот број дискутанти, што овие два дена дискутираа, а се во насока за подобрување на состојбите во земјоделството.

Меѓутоа, ќе ми дозволите сосема накусо да потенцирам само неколку работи, кои што ценам дека или не беа доволно потенцирани, или дека воопшто не беа кажани, а се во функција и се во афирмација на овој Предлог закон, кој што го имаме овде пред нас.

Уште на почетокот во член 2, сакам да потенцирам дека е многу важно што во целите за донесување на овој закон, Владата јасно дефинира дека тоа е рационално користење на земјоделското земјиште како ограничен природен ресурс, кој што во Република Македонија, сепак е еден од најголемите потенцијали, не само за развој на земјоделието, туку воопшто за економскиот развој на државата.

Ова што особено ме радува што во целите се дефинира дека со овој закон се заштитува земјоделското земјиште, што сепак ценам како што претходно спомна и претходниот дискутант Љубисав Иванов Ѕинго, дека во Република Македонија многу повеќе треба да се обрне внимание на овој проблем и дека овој закон во глема мера го решава тоа. Меѓутоа, обезбедувањето на правна сигурност на сопствениците и корисниците на земјоделското земјиште, кое што ќе се согласите, досегашните искуства беа по неколку пати и не така ретко и горки по однос на ова прашање. Овој закон ја регулира и оваа проблематика.

Понатаму, како особено позитивно во овој закон, сакам да го потенцирам и член 16, каде што стрикно е наведено дека земјоделското земјиште во државна сопственост не може да биде предмет на продажба, што е многу важен момент, бидејќи во однос на тоа како тргнавме со продажбата на националното богатство, доколку ова не го регулиравме сега, и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Владата во целост, се плашам дека ќе беше и тоа предмет на отуѓување како национално богатство во Република Македонија.

Во истиот член, малку подолу, мораме да потенцираме дека стриктно се регулира дека земјоделското земјиште што е дадено на користење, не смее да се даде во подзакуп, што ценам дека е исто така, важен момент и дека горките искуства наведуваат дека и тоа е добро што го регулира предлагачот на овој закон.

Сега да не одам во детали понатаму, поради дводневната дискусија и поради фактот што конструктивно се дискутираше и има големо расположение да се донесе предложениот закон, ќе ми дозволите само да потенцирам уште еден момент, кој овој закон стрикно го регулира, а тоа е почетната цена по хектар од просечниот принос на пченицата, што исто така, е добар момент и ценам дека овде некои дискусии во однос на тоа дека социјалните семејства итн, да им се дава предност, мислам дека сепак, треба да се остави пазарно да се стопанисува земјоделието во државата, а Министерството за труд и социјална политика со свои пакети на друг начин да го регулра ова прашање.

Сосема за крај, во интерес на времето, сакам да дадам придонес и да дадам мое мислење по однос на една дилема, која што овде лебдеше, а тоа е околу функцијата на локалната самоуправа, односно проблемот центрелизирање, или децентрализарање на поделбата на ингеренциите за поделба на земјоделското земјиште во државна сопственост.

Ценам дека ова е сепак, изнуден проблем, проблем кој што реално не треба да се потенцира, бидејќи е илузорно, општините тоа да го прават и тука нема политика воопшто. Причината е многу едноставна. Земјоделската политика, е пред се политика за храна во државата, а храната е енергија. Од тој аспект, не може да се дозволи, пред се, неефикасност и нема никаква врска со децентрализацијата тоа да го прават општините, а особено ако и Македонија ја земаме како специфичен регион со микроклиматски специфики. Нема логика на пример една општина Кочани да се занимава со аграрана политика и со политка на храна, кога се знае дека на тој регион оризот е стратешка гранка, а еден Ресен на пример, ние сега на општината да и дадеме ингеренции да води политика и за жито и за јаболки и за овошје и за не знам што друго, кога се знае дека самата микроклима регулирала. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и в воопшто дури и преку стоковите резерви, да не навлегувам во детали е таа, која што всушност треба на државно ниво да креира политика и за храна, и за енергијата воопшто. Така да, ценам дека воопшто не се изнудени и не реални предлозите тоа да го прават и би рекол, ќе ми дозволите ако смеам да употребам такво термин исполитизирани предлозите и отворените дилеми, дали распределбата треба да ја вршат општините, или државата.

Оттука, да скратам, овој Предлог за донесување на закон ја има целосната моја подршка и јас лично сум уверен дека директно ќе придонесе за подобрување на состојбата во емјоделството и во сегментот што овој закон го опфаќа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи ве најавив како последен дискутант, гледам двајца пријавени на екранот.

Дали сте за реплика, или за збор?

За реплика се јави пратеник господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам, би сакал само на колегата Витанов неколку работи, кои што ги спомна и за кои дискутирав дека не им е местото во дискусијата.

Во однос на социјално загрозените, или социјално необезбедените лица, мојата дискусија беше да не се предвидува, или да не им се наплаќа на овие лица закупнина, додека не достигнат одредено ниво од плодоуживањето на земјиштето, да можат да ја плаќаат закупнината и министерот додека зборував рече дека тие нема да учествуваат на овие јавни тендери, туку за нив ќе има посебна програма во која што Владата ќе ги има предвид, или ќе им излезе со поволни услови при распределбата на земјиштето на плодоуживање. Така да, немаше потреба да се коментира тоа од страна на колегата Витанов. И околу единиците на локалната самоуправа, не тие да ја вршат распределбата на земјиштето, туку средствата од приносот и што треба да се плати, да бидат наменети за буџетите на единиците на локалната самоуправа. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам потпретседателе.

Со овој закон се предвидува член 39, каде што им се дава посебен статус на социјално необезбедените граѓани таа е посебна дефинирана категорија во членот 39, каде што издавањето на земјоделското земјиште за нив ќе биде според посебна програма, што ќе ја донесе Владата, се со цел на тие луѓе да неважат критериумите кои што важат за другите физички и правни лица, кои можат да платат, кои можат да изработат посебен бизнис план и кои можат да инвестираат во самото земјоделие.

Така што, со самиот член 39 ние фактички го решаваме проблемот за социјално необезбедените граѓани.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика пратеник господине Витанов Зоран, повелете.

**Зоран Витанов:** Благодарам.

Добро, веројатно колегата Марјанчо Николов не ме следел внимателно, бидејќи всушност, тој што тоа сега го повтори и тоа што го кажа, всушност е повторување на тоа што јас го кажав, а тоа е дека треба да се направи јасна дистинкција помеѓу поделбата на земјиштето и помеѓу социјалната политика, за што впрочм, сега кажа и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и навистина треба да се следи во таа насока во која што е самиот закон предложен, политиката која што е предвидена и со овој закон, но и со други социјални пакети, и само апелирам да не се мешаат тие две работи и ништо повеќе од тоа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Благодарам господине потпретседателе.

Морам да истакнам дека поголемиот дел од она што планирав да го кажам од парламентарната говорница, го искажа ценетиот колега Марјанчо Николов. Тоа се сепак работи кои што можат да бидат предмет на корекција во наредната фаза на законот, меѓутоа, сепак ќе ми дозволите, мошне кратко да нотирам одредени елементи, кои сметам дека се битни во доработката на законот во втората фаза.

Прво, ме радува фактот што се прави обид преку јасни и прецизни критериуми да се обезбеди давање на земјоделското земјиште во државна сопственост под закуп, дотолку повеќе што досегашната пракса покажа дека давањето под закуп на земјоделското земјиште беше предмет на огромни незадоволства, протести од земјоделците, па дури, се случуваше и тоа, секој нареден министер под изговор дека не се почитувале критериумите во доделувањето на земјиште под закуп, вршеше ревизија на веќе закупените парцели во Република Македонија.

Оттука, јасно и прецизно дефинирање на критериумите на давање на земјоделско земјиште во државна сопственост под закуп, ќе биде од особена корист, за да во најмала рака ваквите незадоволства немаат размери кои што ги имаат досега.

Меѓутоа, тоа да се направи, по мое длабоко убедување, мора да постои регистар на обработливо земјиште во државна сопственост, за кој што нема имотно правен спор, кој не е предмет на узурпација или, кое што не е предмет на денационализација. Ова не случајно го кажувам, бидејќи досегашното искуство покажа дека дел од земјоделците, кои што зеле земјоделско земјиште во државна сопственост под закуп, еден дел од тоа земјиште понатаму не можеле да го користат во плодоуживање од едноставна причина, што тие или биле узурпирани, или пак понатаму во процесот на денационализација, со правосилно решение се покажало дека тоа е во туѓа сопственост.

Според тоа, би било добро да се нотира кои се овие земјишта, за да не бидат предмет на давање под закуп, бидјеки после се отвораат дополнителни проблеми.

Кај размената на земјиштето, две-три реченици. Се плашам дека размената на земјиште може да направи дополнителни девијации од едноставна причина што, до колку не се прецизира овој член, можат да настанат злоупотреби.

Знаеме дека постои земјиште со различен квалитет, односнос тепен на плодност или бонитет. Може да се случи, до колку нема прецизни критериуми за земјиште со исклучително висок бонитет да се нуди земјиште со понизок бонитет и со тоа да се добие некој финансиски бенефит. Затоа, овој дел треба многу јасно да се прецизира.

Понатаму, да се внимава да се дава земиште на луѓе кои ќе го обработуваат и имаат капацитет да го обработуваат, што барем во минатото често пати не се случуваше. При тоа да се имаат во предвид две работи:

Прво, стратегијата за развој на земјоделието и

Второ, статегијата за рамномерен регионален развој, бидејки е познато дека сите региони во државата, буквално, имаат земјоделско земјиште во државна сопственост. Тоа може да биде предмет на закуп.

Околу средствата, повторно една спорна ситуација, дали сите средства од закупот на земјоделско земјиште во државна сосптвеност, да се слева како приход во Буџетот на државата. Сепак сум на мислење дека дел од тој износ би требало да остане на нивото на единиците на локалната самоуправа за да може да се намалат зафаќањата по друг основ. Мислам дека поголем дел од единиците на локалната самоуправа се изјасниле со едно такво барање, па не би било лошо да се размисли и за оваа варијанта, барем дел од тие средства, место во Буџетот на државата да се слеваат во буџетите на општините.

Што се однесува до одлуката на Советот, како орган кој носи одлуки, меѓутоа би требало да стои во законот на претходно мислење на соодветна комисија. Значи, мислењето на комисијата да не е дефинитивно, но врз основа на мислењето на комисијата да одлучува Советот на општината. На тој начин мислам дека ќе се постигне поголем ред во давањето на земјоделско земјиште во државна сопственост под закуп.

Престанување на договорот за закуп, самото разгледување на оваа можност во законот покажува дека се можни злоупотреби. Злоупотреби или во насока на пренамена на земјоделско земјиште или, се разбира, злоупотреби со нерегулиран процес на денационализација, кога со правосилна одлука некој друг би станал сопственик на земјиштето што е дадено под закуп.

Најдобро би било да се делува превентивно. Земјоделските парцели кои се предмет на денационализација, процес што релативно долго трае, траеше и за кој што знаеме кои се тие локации што се предмет на денационализација, воопшто да не бидат предмет на давање земјоделско земјиште под закуп, за да се избегне оваа можност, откако некој ќе го земе земјиштето под закуп, да се јави вистинскиот сопственик со правосилно решение.

Сомнителен ми е непосредниот договор по истекот на закупниот рок. Секој непосреден договор остава можности за сомнеж, дека тука нешто задкулисно се договарало. Би било редно овој дел да се преформулира, со тоа што при наредното давање на истото тоа земјиште под закуп, да се назначи дека предност би имал дотогашниот корисник на земјоделското земјиште, за да се оневозможи давање на тоа земјиште со непсореден договор. А, непосредниот договор

секогаш остава простор за најразлични толкувања.

Во однос на членот 39, верувам дека членот 39 е со намера одредена група граѓани, корисници на социјална помош да се стават во попривилегирана положба. Меѓутоа, се плашам дека, бидејки цената веројатно би била многу пониска од предвидената за останатите категории на граѓани, да не оди тоа на уштрб на квалитетот на земјиштето што ќе се дава на корисниците на социјалната помош. Таа компензација не би била добра. Сепак, би требало да стане збор за обработливо земјоделско земјиште што би давало солидни приходи, за да може оваа категорија на социјални граѓни на тој начин да се извлече од ситуацијата во која би се нашла.

Досегашната расправа по оваа проблематика може да послужи како повод, имајки ги предвид сите овие забелешки што ги кажаа претходните дискутанти, вклучително и овие што сега јас ги изнесов, за да може Министерството за земјоделство во наредната фаза да излезе со квалитетен закон што дефинитивно би вовел ред во сферата на давањето на земјоделското земјиште во државна сопственсот под закуп. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе приајвени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1.Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за земјоделско земјиште.

2.Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за земјоделско земјиште, при што ќе ги има во предвид сите мисељња и предлози содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3.Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Прелдожениот заклучок го ставам на гласање.

Пред да ве повикам да гласаме, ги замолувам пратениците кои се надвор од салата да влезат. Ќе пристапиме кон гласањето.

Ги молам службите да достават точен број на пристуни пратеници во салата.

(Службите доставуваат точен број на присутни пратеници во салата).

Ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласање.

(Пратеници влегуваат во салата).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(Присутните во салата чекаат да се создаде кворум).

Бидејќи сега имаме 61 пратеник во салата, ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, вкупно гласале 58, сите 58 пратеници гласале за, нема воздрж ани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за техничка инспекција, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за економија господинот Кире Спанџев, повелете.

**Кире Спанџев:** Благодарам потпретседателе.

Се работи за усогласување со Законот за прекршоци. Само толку би рекол.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам за објаснувањето.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за техничка инспекција.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, вкупно гласале 54 пратеници, сите 54 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник, гласале 57, сите 57 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник, гласале 58, 58 пратеници гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за техничка инспекција.

Почитувани колеги,

Овде ја завршуваме денешната работа.

Во понеделник во 11,00 часот ќе се одржи новата 49-та седница на Собранието на Република Македонија, а во 15,00 часот ќе се одржи нова 51 седница на Собранието на Република Македонија за избор на член на Владата на Република Македонија.

(Седницата прекина во 16,52 часот).

47 - 04